# НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ НА РАБОТНО МЕСТО

## ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

CNV Internationaal

ECE

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

CNV Internationaal

Истражувањето е финансиски поддржано од CNV Internattionaal

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ
НА ЖЕНИТЕ НА РМ

# НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ НА РАБОТНО МЕСТО

## (ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ)

Скопје, април 2011

## СОДРЖИНА

**Вовед**......6

**1. Методолошка поставеност на истражувањето**......7

1.1. Предмет на истражување......7

1.2. Избор на примерок на истражувањето......7

1.3. Начин на селекција......8

1.4. Ограничувања при изведување на примерокот......9

1.5. Големина на примерок......9

**2. Фокус групи**......12

**I ДЕЛ**

**ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ (МОБИНГ)**

**Вовед**......14

**Истражувачки сознанија за психичко вознемирување**......17

**1. Застапеност и видови на психичкото вознемирување**......18

1.1. Компромитирање на личниот углед и репутација......19

1.2. Попречување на комуникацијата......20

1.3. Компромитирање на стручноста / стручниот став и мислење......21

1.4. Опасност по здравјето......22

1.5. Прекинување на контактите со колегите......23

**2. Зачестеност на психичко вознемирување**......24

**3. Последен инцидент**......25

3.1. Застапеност на одделни видови / подвидови на психичко вознемирување......25

3.2. Време на случување на последниот инцидент........................................................27
3.3. Профил на вршителот на психичко вознемирување................................................27

**4. Реакција на жртвите на психичко вознемирување........................................................31**
4.1. Лична реакција/интервенција.............................................................................................32
4.2. Неформално реакција..........................................................................................................32
4.3. Формална реакција..............................................................................................................33

**5. Последици од психичкото вознемирување по здравјето на жртвата..........................35**
5.1. Последици по здравјето и приватниот живот на жртвите.......................................35
5.2. Последици по професионалната кариера...............................................................37

**6. Влијанието на професионалните карактеристики и организациската култура врз појавата на одделни видови на психичко вознемирување..........................................38**
6.1. Професионални карактеристики во работната организација................................38
6.2. Организациска култура во работната организација...............................................38

**7. Ставови на жртвите по однос на застапеноста на психичкото вознемирување..........41**
**8. Психичко вознемирување пријавено од испитаничките што не се жртви на психичко вознемирување.......................................................................................................42**
**9. Ставови на испитаничките по однос на психичкото вознемирување.........................44**
9.1. Ставови на испитанички.......................................................................................44
9.2. Ставови на учеснички во фокус групите...............................................................45

## II ДЕЛ
## СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

**Вовед...................................................................................................................48**

**Истражувачки сознанија за сексуално вознемирување................................................53**

1. **Застапеност и видови на сексуално вознемирување....................................................53**
   - 1.1. Вербално сексуално вознемирување.........................................................................53
   - 1.2. Невербално сексуално вознемирување...................................................................54
   - 1.3. Физички облици на сексуално вознемирување.......................................................56
   - 1.4. Сексуално вознемирување Quid pro quo - „услуга за услуга“..................................57

2. **Зачестеност на сексуалното вознемирување.................................................................59**

3. **Последен инцидент...........................................................................................................60**
   - 3.1. Застапеност на одделни видови / подвидови на сексуално вознемирување..........60
   - 3.2. Време на случување на последниот инцидент.............................................................61
   - 3.3. Профил на вршителот (вознемирувачот) на сексуално вознемирување...............62

4. **Реакција на жртвите на психичко вознемирување......................................................65**
   - 4.1. Лична реакција / интервенција......................................................................................66
   - 4.2. Неформално реакција.....................................................................................................67
   - 4.3. Формална реакција..........................................................................................................67

5. **Последици од психичкото вознемирување по здравјето на жртвата..........................69**
   - 5.1. Последици по здравјето и приватниот живот на жртвите.......................................69
   - 5.2. Последици по професионалната кариера..................................................................71

6. **Влијанието на професионалните карактеристики и организациската култура врз појавата на одделни видови на сексуално вознемирување..........................................73**
   - 6.1. Професионални карактеристики во работната организација..................................73
   - 6.2. Организациска култура во работната организација...............................................74

7. **Наод на мислењето на жртвите на сексуално вознемирување по однос на застапеноста на сексуалното вознемирување и потребните мерки за подобрување на третманот на овој вид на вознемирување...................................................................77**

**8. Сексуално вознмеирување пријавено од испитаничките што не се жртви на сексуално вознемирување..........79**

**9. Ставови на испитаничките по однос на сексуалното вознемирување..........81**

9.1. Ставови на испитанички..........81

9.2. Ставови на учеснички во фокус групи..........83

**III ДЕЛ**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

**1. Психичко вознемирување..........86**

1.1. Законска регулираност..........86

1.2. Превенција..........87

1.3. Податоци за застапеност на појавата..........87

1.4. Институционално постапување..........88

**2. Сексуално вознемирување..........89**

2.1. Политика и законска регулираност..........89

2.2. Превенција..........90

2.3. Заштита на жртвите..........91

2.4. Податоци за застапеноста на појавата..........92

2.5. Институционално постапување..........93

## ВОВЕД

Истражувањето на психичкото вознемирување и на сексуалното вознемирување од родова перспектива претставува важен чекор во насока на унапредување на родовата еднаквост, посебно во однос на обезбедување еднакви можности и недискриминација на жената на работното место. Ова е дотолку поизразено со оглед на фактот дека досега не се преземале истражувања и анализи за овие две појави, кои за свој фокус ја имале родовата компонента, па оттука и овие појави не се разгледуваа како родово базирано насилство врз жените на работното место.

Истражувањето има цел да ја утврди фактичката положба на жената на работното место во јавниот и во приватниот сектор, во однос на следните две појави: психичко вознемирување (мобинг) и сексуално вознемирување. Оттука, истражувањето е поделено на две тематски целини соодветни на предметот на истражување. Од друга страна недостатокот на соодветни и во доволен обем истражувачки податоци и анализи во однос на овие две појави е причина повеќе за непостоење на основно разбирање на концептот на психичко вознемирување (мобинг) и сексуално вознемирување од страна на жените-работнички. Дополнително, овие појави не се разгледувани со особена важност ниту од страна на синдикалните организации, кои треба да претставуваат вистински репрезент во обезбедувањето на соодветна заштита и безбедност на работното место.

Оттука е неопходната потреба за спроведување на ваков тип истражување со цел добивање првични емпириски податоци за овие два вида насилство врз жените на работното место.

## 1. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Во истражувањето беа користени следните методи на истражување:**
1. Спроведување анкета со помош на подготвен анкетен прашалник
2. Организирање фокус-групи

### 1.1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување се две појави подеднакво важни од аспект на утврдување на нивната застапеност во нашето општество: појавата на психичко вознемирување (мобинг) и појавата на сексуално вознемирување. Ова истражување за свој предмет на фокус ја има вработената жена од јавниот и од приватниот сектор како и видовите и обемот на негативни однесувања и практики со кои таа се соочува на работното место.

Имајќи го предвид фактот дека дефинирањето на овие две појави (психичкото вознемирување и сексуалното вознемирување) е регулирано во Законот за работни односи, појдовна основа во утврдување на предметот на истражување беа законски пропишаните дефиниции. Оттука произлегува:

*„Сексуалното (полово) вознемирување е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување[1]“* и

*„Психичкото вознемирување на работно место (мобинг) е секое негативно однесување од поединец или група, кое често се повторува (најмалку во период од шест месеци), а претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработените лица и предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување, чија крајна цел може да биде престанок на работниот однос или напуштање на работното место“[2].*

### 1.2. Избор на примерок за истражувањето

Дизајнот на примерокот во ова истражување е изведен соодветно на предметот на истражување и расположливоста на податоците за селектриање на примерокот. ***Предметната популација*** во ова истражување се жени на возраст од 15 до 64 години што се вработени.

Истражувањето беше спроведено на примерок од 809 испитанички.

***Единица примерок*** е жена на возраст од 15 до 64 години што е вработена или била вработена до пред 1 година, без оглед дали била или е во редовен работен однос или е вработена по основ на договор.

***Видот на примерок*** е одлука заснована на видот на расположливи податоци како и финансиски средства за изведување на истражувањето. Во ова истражување се користи *квотен намерен примерок*. Квотите ја изразуваат варијацијата на појавата што се испитува.

Според официјалните податоци во 2009 г. имало вкупно 240.569 вработени жени[3] со различно учество во секоја возрасна категорија и нивна различна дистрибуираност

[1] Член 9, став 4, Закон за работни односи, Службен весник бр. 16 од 5 февруари, 2010 година
[2] Член 9а, став 3, Закон за работни односи, Службен весник бр. 16 од 5 февруари, 2010 година.
[3] Државен завод за статистика, Статистички годишник 2010, Работна сила

според населени места. Испитаничките беа избрани според однапред определени релевантни карактеристики. Релевантни карактеристики се: економската активност (вработени), местото на живеење и возраста на жената. За определување на квотите се внимаваше во примерокот да влезат испитанички од различни региони и населени места во Република Македнија и различни според возраста. На овој начин се поддржува правилото за географска застапеност на испитаниците.
Во табелата се претставени квотите што се користени во примерокот.

**Табела : Квоти за избор на единиците на примерокот**

| Населени места | Возраст | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | 15-24 | 25-49 | 50-64 | |
| **Аеродром** | 11 | 50 | 23 | 84 |
| **Бутел** | 3 | 15 | 7 | 25 |
| **Гази Баба** | 7 | 30 | 14 | 50 |
| **Ѓорче Петров** | 5 | 22 | 10 | 37 |
| **Карпош** | 9 | 40 | 18 | 67 |
| **Кисела Вода** | 7 | 31 | 14 | 52 |
| **Центар** | 7 | 31 | 14 | 52 |
| **Чаир** | 3 | 13 | 6 | 22 |
| **Битола** | 10 | 46 | 21 | 77 |
| **Велес** | 5 | 21 | 10 | 35 |
| **Гевгелија** | 3 | 15 | 7 | 25 |
| **Гостивар** | 2 | 9 | 4 | 16 |
| **Куманово** | 6 | 27 | 12 | 46 |
| **Охрид** | 6 | 26 | 12 | 43 |
| **Прилеп** | 5 | 25 | 11 | 42 |
| **Струга** | 2 | 11 | 5 | 19 |
| **Струмица** | 5 | 23 | 10 | 39 |
| **Тетово** | 4 | 19 | 8 | 31 |
| **Штип** | 5 | 24 | 11 | 39 |
| **Вкупно** | | | | 801 |

### 1.3. Начин на селекција

Анкетарите ги избираа испитаниците според *сопствена проценка,* но ги задржуваа дадените квоти на ниво на населено место и на возраст. (Види табела за квоти) Поконкретно, анкетарите по наменски пат ги пополнуваа квотите.

### 1.4. Ограничувања во изведување на примерокот

Недефинираната изборна рамка односно непостоење рамка од која ќе може да се изберат конкретните случаи од популацијата да бидат единица примерок односно од која ќе се формира примерокот, водеше кон тоа да е неизводливо да се направи истражување врз примерок биран по принципот на веројатност.
Селекцијата на примерокот се ограничи на просторната и временската популација за да се приближиме до достапната популација.
Бидејќи станува збор за пригоден примерок, не е задржан принципот на рандомизација во изборот на случаите и добиениот примерок не се смета за репрезентативен за цела популација. Тоа влијае врз начинот на изведување заклучоци, односно истражувачот не може да ги генерализира добиените резултати за целата основна маса, туку само за резултатите добиени од самиот примерок. Секако дека ваквиот пристап не ја намалува релевантноста на добиените резултати туку само ги ограничува генерализациите.

### 1.5. Големина на примерокот

За определување на големината на примерокот со соодветно ниво на прецизност на одредено ниво на статистичка сигурност се водевме од едноставната формула, сметајќи на тоа дека големината на основната маса е поголема од 10.000.

$$n=z^2 * \frac{p*q}{d^2}$$

Со посакувано ниво на прецизност од 0,05 и вредностите на стандардизираното z од 1,96 како и со проценетата веројатност дека одредена карактеристика што може да се избере е 0,050, најмалата големина на примерокот изнесува 384 испитанички. Во нашево истражување одлуката големината на примерокот да биде поголема односно да изнесува 800 испитанички се должи на одлуката примерокот и географски да ги покрие деловите од државата. Истовреме ваквата бројка овозможува доволна бројка (статистички релевантна) да може статистички да се изведуваат заклучоците.

По реализација на истражувањето добивме примерок со следните карактеристики:

| **Возраст** | | % |
|---|---|---|
| 15 - 24 години | 108 | 13,30 |
| 25 – 49 години | 485 | 60,00 |
| 50 - 64 години | 216 | 26,70 |
| **Вкупно** | **809** | **100,00** |

| Степен на образование | | % |
|---|---|---|
| Основно образование | 37 | 4,6 |
| Средно одбразование | 360 | 44,5 |
| Више образование | 57 | 7 |
| Високо образование | 309 | 38,2 |
| Магистратура | 39 | 4,8 |
| Докторат | 7 | 0,9 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

| Националност | | % |
|---|---|---|
| Македонка | 685 | 84,7 |
| Албанка | 81 | 10 |
| Турчинка | 14 | 1,7 |
| Ромка | 4 | 0,5 |
| Србинка | 13 | 1,6 |
| Друго | 12 | 1,5 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

| Брачна состојба | | % |
|---|---|---|
| Мажена | 522 | 64,5 |
| Живее со некого, не е мажена | 23 | 2,8 |
| Разведена | 37 | 4,6 |
| Живее одвоено од мажот | 1 | 0,1 |
| Вдовица | 38 | 4,7 |
| Сама | 72 | 8,9 |
| Во врска | 116 | 14,3 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

| Сектор во кој работат | | % |
|---|---|---|
| Јавен (државен) сектор | 265 | 32,8 |
| Приватен сектор | 544 | 67,2 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

| **Начин на регулирање на работниот однос** | | % |
|---|---|---|
| Договор на неопределено време | 587 | 72,6 |
| Договор на определено време | 92 | 11,4 |
| Договор на дело | 72 | 8,9 |
| Работа на црно | 36 | 4,4 |
| Друго | 13 | 1,6 |
| Одбиваат да одговорат | 9 | 1,1 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

| **Висина на личниот приход** | | % |
|---|---|---|
| До 3.000 ден. | 1 | 0,1 |
| 3.001 - 5.000 ден. | 11 | 1,4 |
| 5.001 - 7.500 ден. | 55 | 6,8 |
| 7.501 - 10.000 ден. | 99 | 12,2 |
| 10.001 - 12.500 ден | 123 | 15,2 |
| 12.501 - 15.000 ден | 136 | 16,8 |
| 15.001 - 20.000 ден | 183 | 22,6 |
| 20.001 - 25.000 ден | 84 | 10,4 |
| 25.001 - 30.000 ден | 47 | 5,8 |
| 30.001 - 35.000 ден | 27 | 3,3 |
| Над 35.001 ден | 20 | 2,5 |
| Не знаат | 2 | 0,2 |
| Одбиваат да одговорат | 21 | 2,6 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

| **Работен стаж во организацијата во која работи** | | % |
|---|---|---|
| До 1 година | 111 | 13,8 |
| 1 - 5 години | 240 | 29,7 |
| 6 - 10 години | 152 | 18,8 |
| 11 - 20 години | 163 | 20,2 |
| 21 - 30 години | 95 | 11,8 |
| 31 - 40 години | 41 | 5,1 |
| Над 40 години | 1 | 0,1 |
| Не знаат | 4 | 0,5 |
| **Вкупно** | **807** | **100** |

**2. Фокус-групи**

За потребите на истражувањето, а со цел добивање поспецифични информации од страна на вработени жени во јавниот и во приватниот сектор во однос на појавата на сексуално и психичко вознемирување, беа организирани две фокус-групи. Во идентификувањето на учесници на фокус-групите беа вклучени претставници од Организацијата на жени при Унијата на независни синдикати, при што на двете фокус-групи беа присутни 31 жена работничка од јавниот и од приватниот сектор.
За спроведување на истражувањео во фокус-групите, ЕСЕ подготви водич за диксусии на овие фокус-групи и тоа во однос на следниве групи прашања: доживеани искуства и последици што ги претрпеле, начини на реакција, поддршка односно заштита што им била обезбедена. Вториот сет прашања се однесуваше на изнесување ставови во однос на нивната информираност за појавите на сексуално вознемирување и психичко вознемирување, оцена на состојбите во врска со овие две појави како и мерки што тие смета дека треба да се преземат во насока на превенирање и соодветен третман.
Двете фокус-групи се реализираа во просториите на Унијата на независни синдикати.

# I ДЕЛ

## ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ (МОБИНГ)

## ВОВЕД

Психичкото вознемирување претставува специфичен вид насилничко однесување, кое има цел да ја погоди и да наштети на жртвата од психолошки аспект. Психичкото вознемирување[4] претставува проблем што се манифестира преку специфичен облик на однесување на работното место, со кое некој поединец или група на различни начини, планирано, осмислено и софистицирано му попречува на друг со цел загрозување на честа, угледот и достоинството на една личност, сè до елиминирање од работното место. Оваа појава се одвива во долг временски период (најмалку 6 месеци). Претставува своевидна прикриена агресија, која го напаѓа интегритетот на луѓето - може да биде повеќе или помалку отворен, карактеризиран со навреди, омаловажување и кршење на основните човекови права.

При анализирање на појавата на психичко вознемирување се земаа предвид најчестите видови преку кои тоа се манифестира, па оттука следните видови односно нивната застапеност беа предмет на наведеното истражување:
*Компромитирање на личноста и угледот на работникот.* Овој вид мобинг подразбира клеветење, исмејување, имитирање на недостоен начин односно на начин што доведува до компромитирање и рушење на угледот, реномето и честа кај работникот.
*Попречување на комуникацијата* односно раководителот, претпоставениот го оневозможува, попречува комуницирањето со другите колеги, претпоставени, вклучувајќи и принуда да се молчи.
*Прекинување на контактите.* Во овој вид мобинг чести дејства на мобинг се дејствата на изолација на работникот, забрани за разговори со колеги, претпоставени, исклучување на работникот од важни настани во организацијата.
*Компромитирање на стручниот став.* Овој вид психичко вознемирување подразбира недавање работни задачи на работникот и покрај постоење на соодветна квалификација. Другиот начин на кој се операционализира овој вид е давање прелесни, односно понижувачки работни задачи во однос на постоечката квалификација, но и давање работни задачи што се нереални односно постои реална можност тие да не се завршат.

Во последната категорија влегуваат дејствата на мобинг што сериозно можат да го *нарушат здравјето на работникот* односно давање работни задачи штетни за здравјето на работникот, сериозни закани за отпуштање од работа, физички напад и сексуално вознемирување.

За првпат појавата на психичко вознемирување во нашата земја беше регулирана во Законот за работни односи во 2009 година[5]. Регулирањето на оваа проблематика се состои во воведување на два нови члена, кои се однесуваат на психичкото вознемирување (мобинг). Првиот член[6] има за цел дефинирање на појавата и лицето(-ата) кои може да се најдат во улога на извршители на психичкото вознемирување, а вториот член[7] се однесува на постапката за правна заштита во

[4] www.mobbing.mk, пристапено на 29.03.2011 год.
[5] Закон за дополнување на Законот за работни односи, Службен весник на РМ , бр. 114 од 14. 9. 2009 г.
[6] Член 9-а, Закон за работни односи , Службен весник на РМ, бр 16 од 5.2.2010 год.
[7] Член 11, Закон за работни односи, Службен весник на РМ, бр 16 од 5.2.2010 год.

случај на психичко вознемирување на работното место односно на кого паѓа товарот на докажување во случај на ваков спор. Согласно со Законот за работни односи психичкото вознемирување на работното место (мобингот) претставува дискриминација во смисла на член 6 од овој закон, кој ја дефинира директната и индиректната дискриминација.

Законот за работни односи[8] воедно ја регулира и надлежноста на трудовата инспекција што е должна да врши надзор врз примената на законите и колективните договори во областа на работните односи. Оттука, доколку инспекторот на трудот утврди повреда на закон, друг пропис, колективен договор, договор за вработување и други акти врз чија примена врши инспекциски надзор, со решение ќе му нареди на работодавачот да донесе или да поништи акт со кој ќе ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци. За постапувањето по донесеното решение, работодавачот е должен да го извести инспекторот на трудот.
Инспекторот на трудот ќе поднесе барање за прекршочна одговорност ако констатира дека работодавачот со сторените повреди направил прекршок.

Еден од институционалните механизми што има посебни овластувања во заштитата на слободите и правата на граѓаните, вклучувајќи ги и правата од работен однос, е институцијата народен правобранител (омбудсман).
Кога народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на поднесувачот на претставката или пак се направени други неправилности, може: да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди; да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно со законот; да поведе иницијатива за поведување дисциплинска постапка против службено односно одговорно лице и да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за поведување постапка заради утврдување казнена одговорност.
Во извештајот на народниот правобранител од 2010[9] година односно во поднесените претставки на граѓаните поради прекршување на слободите и правата од работен однос се вклучени и претставките во однос на „ставање работник во неповолна или нееднаква положба во однос на другите од страна на работодавачот". По овие претставки бил упатен допис со кој се укажува на почитување на одредбите од Законот за работни односи односно на забраната за директна и индиректна дискриминација, вознемирувањето и психичкото вознемирување. Голем број од работодавачите до кои бил доставен ваков допис ги негирале индициите за постоење на дискриминација.

Според податоците од извештајот 9,03 % од вкупниот број на поднесени писмени претставки се однесуваат на претставки на граѓани на кои им биле повредени слободите и правата од работниот однос. Од нив пак, само 4,11 % се однесуваат на постоење дискриминација. Во извештајот изостануваат специфични податоци во однос на поднесените претставки за психичко вознемирување како и статистика разделена според полот.

[8] Глава XXV, Инспекциски надзор во областа на работните односи, Закон за работни односи, Службен весник на РМ, бр 16 од 5. 2. 2010 год.
[9] Извештај на народниот правобранител, 2010 год.

Судската заштита е ретко користен начин за обезбедување заштита во случаи на психичко вознемирување. Судската пракса не познава судски случаи за надомест на штета со завршен епилог во однос на психичкото вознемирување.

## ИСТРАЖУВАЧКИ СОЗНАНИЈА ЗА ПСИХИЧКОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

*За потребите на анализирањето на појавата на психичко вознемирување беа земени предвид добиените податоци за сите вработени жени што доживеале некои од облиците на психичко вознемирување независно дали нив ги трпеле во краток временски период (помалку од шест месеци) или пак во долг временски период (подолг од шест месеци), што всушност претставува и законски предуслов за постоење мобинг.*

*Вака анализираните податоци за дејствата на мобинг независно од нивното времетраење овозможија посеопфатно истражување на оваа појава, не ограничувајќи се притоа само на дејствата на психичко вознемирување што траеле во временски период подолг од шест месеци.*

*Ова е дотолку поизразено, имајќи го предвид фактот за исклучително големиот ризик дејствата на мобинг да продолжат да траат повеќе од шест месеци. Имено, кај жртвите на мобинг што трпеле психичко вознемирување помалку од шест месеци (215), голема е веројатноста овие дејства да продолжат и во иднина односно по временскиот период од шест месеци.*

*Оттука, фокусот на истражување беа сите жртви (462) што преживеале некој од облиците на психичко вознемирување независно од неговото времетраење.*

## 1. ЗАСТАПЕНОСТ И ВИДОВИ ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Според податоците од истражувањето, секоја втора испитаничка изјавила дека претрпела одреден вид психичко вознемирување. Имено, од вкупно 809 испитанички, 462 вработени жени (57 %) одговориле дека се соочиле со психичко вознемирување на работното место.

**Табела бр. 1. Застапеност на психичко вознемирување**

| | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Да, се соочиле со психичко вознемирување | 462 | 57,1 |
| Не, не се соочиле | 347 | 42,9 |
| **Вкупно** | **809** | **100** |

Еден од основните параметри во утврдување на застапеноста на психичкото вознемирување е утврдување на видовите преку кои тоа најчесто се манифестирало кај жртвите на психичко вознемирување. За потребите на истражувањето, поединечните дејства на психичко вознемирување беа поделени во следниве категории на видови психичко вознемирување и тоа:

- компромитирање на личниот углед (репутација);
- попречување на комуникацијата;
- прекинување на контактите со колегите;
- компромитирање на стручноста (стручниот став и мислење) и
- опасност за здравјето на индивидуата.

Податоците добиени со анализирањето на застапеноста на сите наведени видови се следни. Имено, со највисока застапеност помеѓу жртвите на психичко вознемирување е видот „*Компромитирање на личниот углед и репутација* “(89 %), а пак со најнизок степен на застапеност е „*Прекинување на контактите со колегите*“ (27,9 %).„ *Попречување на комуникацијата*“ е со застапеност од (64,5 %), „*Компромитирање на стручниот став и мислење*“ со (63,2 %) и дејствата на мобинг што доведуваат директно до „*загрозување на здравјето на индивидуата* “со (39,8 %)

**Табела бр. 2. Застапеност на видовите психичко вознемирување**

| | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Компромитирање на личниот углед (репутација) | 413 | 89 |
| Попречување на комуникацијата | 298 | 64,5 |
| Компромитирање на стручноста - стручниот став и мислење | 292 | 63,2 |
| Опасност за здравјето | 184 | 39,8 |
| Прекинување на контактите со колегите | 129 | 27,9 |
| **Вкупно** | **462** | **100** |

Во однос на застапеноста на поединечните подвидови психичко вознемирување во рамки на наведените видови психичко вознемирување, состојбата е следна:

### *1.1. Компромитирање на личниот углед и репутација*

Компромитирањето на личниот углед и репутација е највисоко застапениот вид психичко вознемирување на работното место (89 %).
При анализирање на поединечните подвидови мобинг во рамки на видот „*Компромитирање на личниот углед и репутација*" се добија следниве податоци. Имено, најзастапени се следните подвидови: непотребно критикување за донесените одлуки (80 %); потоа следи клевета односно пристрасно оценување на работните постигнувања (73 %). Наредно по застапеност е исмејување, имитирање на начин што довел до рушење на угледот, реномето, честа (47 %).

**Табела бр. 3.**
**Застапеност на „*Компромитирање на личниот углед и репутација*"**
**според подвидови**

| | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Исмејување, имитирање на начин што довел до рушење на угледот, реномето и честа | 195 | 47 |
| Непотребно критикување поради донесените одлуки | 331 | 80 |
| Клевета или пристрасно оценување на работните постигнувања | 301 | 73 |

Го испитувавме влијанието на факторите како што се возраста, образованието, националноста, брачниот статус, вработеноста во одреден сектор и дејност, начинот на регулирање на работниот однос и годините на работен стаж во работната организација врз појавата на „*Компромитирање на личниот углед и репутација*", како вид на психичко вознемирување(мобинг). Процентите кои се однесуваат на ризик факторите ја претставуваат застапеноста на жртвите на овој вид на психичко вознемирување во вкупниот број на испитанички за секои од наведените фактори за ризик.
При анализирање на влијанието на факторот возраст врз појавата на овој вид психичко вознемирување, констатиравме дека работничките од 15 - 24 години старост е поверојатно да бидат изложени на овој вид (57,4 %), по кој следат жените од 25 - 49 години (52 %). Според степенот на образование на „*Компромитирање на личниот углед и репутација*", поизложени се жените со основно образование (56,8 %) и со средно образование (55,6 %). Во однос на националноста, жените од другите националности, односно Ромките (100%), Турчинките (64,3 %) и Србинките (61,5 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување. Според брачниот статус, жените што живеат со некого но не се мажени (56,5 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Според секторот во кој се вработени, оние што работат во приватен сектор (53,7 %) за разлика од оние што

работат во јавен сектор (45,7 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид мобинг. Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во преработувачката индустрија (66,2 %) влијае врз појавата на психичко вознемирување. Непријавената работа, односно работата на црно влијае на појавата на овој вид психичко вознемирување (58,3 %). Во однос на работниот стаж, жените што имаат работен стаж поминат во работната организација од 1 до 5 години (57,5 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување.

### *1.2. Попречување на комуникацијата*

*„Попречување на комуникацијата„* претставува вториот по застапеност вид мобинг, на кој биле изложени 64 % од жртвите на психичко вознемирување. Поединечно анализирајќи ги подвидовите на овој вид мобинг беа добиени следните податоци односно со највисока застапеност се случаите во кои жртвите на мобинг биле прекинувани додека зборуваат, по што следи повишување на тонот при разговорот и правење навредувачки гестикулации (73,8 %), па следна по застапеност е принуда да молчат и покрај вербалните напади за сработеното (65,1 %) и последно по застапеност е попречување во комуникацијата со другите колеги или со претпоставените (21,1 %).

**Табела бр. 4. Застапеност на *„Попречување на комуникацијата“* според подвидови**

| | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Попречување во комуникација со други колеги, други претпоставени без никаква можност за комуникација со нив | 63 | 21,1 |
| Принуда да се молчи и покрај вербалните напади за сработеното | 194 | 65,1 |
| Прекинување додека говорат, правење навредувачки гестикулации, непотребно повишување на тонот | 220 | 73,8 |

И кај овој вид психичко вознемирување ги утврдивме можните фактори за ризик за неговата појава. Со анализирање на факторот возраст врз појавата на овој вид психичко вознемирување, констатиравме дека работничките од 15 - 24 години старост е поверојатно да бидат изложени на овој вид мобинг (48,1 %), по кој следат жените од 25 - 49 години (35,3 %). Според степенот на образование на овој вид на вознемирување поизложени се жените со основно образование (51,4 %) и со средно образование (42,5 %). Во однос на националноста, жените од другите националности односно Ромките (75 %) и Турчинките (50 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување. Во однос на брачниот статус, жените што живеат со некого но не се мажени (56,5 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Што се однесува за секторот во кој се вработени, оние што работат во приватниот сектор (38,4 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување за разлика од вработените во јавниот сектор (33,6 %). Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во преработувачката индустрија (56,6 %) влијае врз појавата на психичко вознемирување. Работата на црно влијае на

појавата на овој вид психичко вознемирување (61,1 %). Работниот стаж во работната организација до 1 година (44,1 %) и работниот стаж од 31 до 40 години (43,9 %) влијаат врз појавата на овој вид психичко вознемирување (мобинг). Процентите кои се однесуваат на ризик факторите ја претставуваат застапеноста на жртвите на овој вид на психичко вознемирување во вкупниот број на испитанички за секои од наведените фактори за ризик.

### 1.3. *Компромитирање на стручноста /стручниот став и мислење*

*„Компромитирањето на стручниот став и мислење“* е приближно подеднакво застапен вид мобинг како и попречувањето на комуникацијата. Имено, 63 % жртви на психичко вознемирување биле изложени на овој вид мобинг.
Со анализирање на поединечните подвидови мобинг во рамки на видот *компромитирање на стручниот став и мислење* состојбата е следна: најчесто застапен е подвидот давање работни задачи премногу доцна за да се извршат (68,4 %), по што следи недавање информации неопходни за работењето (40 %). Приближно со еднаква застапеност (38 %) е давање прелесни односно понижувачки работни задачи во однос на квалификациите. Во помал обем се движи застапеноста на следниот подвид мобинг односно давање работни задачи што не се остварливи (25,6 %), а пак најниска е застапеноста на наметнато боледување (6,5 %).

**Табела бр. 5. Застапеност на *„Компромитирање на стручноста /стручниот став и мислење“* според подвидови**

| Подвидови компромитирање на стручноста | број | % |
|---|---|---|
| Недавање работни задачи, давање работни задачи што се прелесни во однос на квалификациите, давање понижувачки работни задачи | 111 | 38 |
| Давање работни задачи со задоцнување, премногу доцна за да се извршат | 200 | 68,4 |
| Давање работни задачи што се неостварливи | 75 | 25,6 |
| Недавање информации важни за работењето | 117 | 40 |
| Давање наметнато боледување | 19 | 6,5 |

Со анализирање на факторот возраст врз појавата на овој вид психичко вознемирување, констатиравме дека работничките на возраст од 15 до 24 години е поверојатно да бидат изложени на овој вид мобинг (42,6 %), по што следат жените од 25 до 49 години (36,3 %). Според степенот на образование на овој вид вознемирување поизложени се жените со средно образование (39,7 %), по што следат жените со основно образование (37,8 %). Во однос на националноста, Ромките е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (75 %) за разлика од другите националности. Според брачниот статус, жените што се разведени (40,5 %) и жените што живеат со некого но не се мажени (39,1 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување.
Според секторот во кој се вработени, оние што работат во приватниот сектор (39 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување за разлика од вработените во јавниот сектор (30,2 %). Во однос на вработеноста во одредени

дејности, вработеноста во дејноста сообраќај, складирање и врски (54,2 %) и вработеноста во преработувачката индустрија (46,9 %) влијае врз појавата на психичко вознемирување. Работата на црно (47,2 %), работата врз основа на договор на одредено време (42,4 %) и времетраење на работа во работната организација до 1 година (45 %) придонесуваат за изложеност на овој вид психичко вознемирување.
Процентите кои се однесуваат на ризик факторите ја претставуваат застапеноста на жртвите на овој вид на психичко вознемирување во вкупниот број на испитанички за секои од наведените фактори за ризик.

### *1.4. Опасност за здравјето*

На овој вид психичко вознемирување биле изложени 40 % од жртвите на психичко вознемирување. Во вкупната застапеност од 40 %, поединечните подвидови се застапени во следниве размери и тоа: постоење на закани со отпуштање (77 %), давање работни задачи штетни за здравјето (27 %) и со мошне ниска застапеност нарушување на физичкиот интегритет поради сторен физички напад (5 %).

**Табела бр. 6. Застапеност на *опасност за здравјето* според подвидови**

| | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Работни задачи што се штетни за здравјето | 49 | 27 |
| Заканување со отпуштање од работа | 141 | 77 |
| Физички напад | 10 | 5 |

Добиените податоци во однос на влијанието на одредени фактори како што се возраста, образованието, националноста, брачниот статус, секторот и дејноста во кои работат испитаничките, начинот на регулирање на работниот однос и годините на работен стаж врз појавата на овој вид на психичко вознемирување се следни: работничките на возраст од 15 до 24 години возраст е поверојатно да бидат изложени на овој вид мобинг (28,7 %), по што следат жените од 25 до 49 години (22,3 %); жените испитанички со основно образование се поизложени на овој вид на вознемирување (45,9 %); во однос на националноста Ромките е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (75 %) за разлика од другите националности. Според брачниот статус, жените што се разведени (32,4 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување.
Што се однесува за секторот во кој се вработени, оние што работат во приватниот сектор (27,2 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување за разлика од вработените во јавниот сектор (13,6 %). Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во угостителството (хотели и ресторани 40 %) и вработеноста во земјоделството и шумарството (36,4 %) влијае врз појавата на психичко вознемирување. Што се однесува, пак, за начинот на кој е регулиран работниот однос, непријавената работа односно работата на црно придонесува за изложеност на овој вид вознемирување (50 %). Во однос на работниот стаж, жените што имаат работен стаж до 1 година (28,8 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување.
Процентите кои се однесуваат на ризик факторите ја претставуваат застапеноста на жртвите на овој вид на психичко вознемирување во вкупниот број на испитанички за секои од наведените фактори за ризик.

### 1.5. Прекинување на контактите со колегите

Последен вид мобинг по застапеност е *прекинување на контактите со колегите* (28 %). Имено, жртвите на психичко вознемирување биле најмалку изложени на овој вид мобинг. Во вкупната застапеност од 28 %, поединечните подвидови се застапени во следните размери: најзастапен е исклучување од важни настани што ги организира работната организација (73 %), по што следи екскомуникација од колегите (19%), забрана за разговор со колегите (15 %) и изолирање односно тргнување на страна во некоја просторија подалеку од другите (9 %).

**Табела бр. 7. Застапеност на „*Прекинување на контактите со колегите*" според подвидови**

| | број | % |
|---|---|---|
| Екскомуникација од колегите | 24 | 19 |
| Забрана за разговори со колегите | 19 | 15 |
| Изолирање, тргање на страна во просторија подалеку од колегите | 12 | 9 |
| Исклучување од настани што ги организира работна организација | 94 | 73 |

Идентично како и за другите видови психичко вознемирување се анализираше влијанието на повеќе фактори врз појавата и на овој вид *прекинување на контактите со колегите.* Со анализирање на факторот возраст врз појавата на овој вид психичко вознемирување, констатиравме дека работничките од 50 до 64 години возраст е поверојатно да бидат изложени на овој вид мобинг (18,5 %), по што следат жените од 25 до 49 години (15,3 %). Во однос на степенот на образованието на овој вид вознемирување, поизложени се жените со више образование (22,8 %), по што следат жените со основно образование (21,6 %). Во однос на националноста, Ромките е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (50 %), по што следат Србинките (30,8 %) и Турчинките (21,4 %). Според брачниот статус, жените што се разведени (21,6 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување.

Според секторот во кој се вработени, оние што работат во јавниот сектор е поверојатно да бидат изложени на овој вид психичко вознемирување (18,1 %), за разлика од оние што работат во приватниот сектор (14,9 %). Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во земјоделската дејност (36,4 %) и во производството на електрична енергија, гас, вода (33,3 %) влијаат врз појавата на овој вид психичко вознемирување. Фактори за ризик за постоење на овој вид психичко вознемирување се и непријавената работа односно работата на црно (25 %) и работниот стаж во работната организација од 31 до 40 години (31,7 %) и од 21 до 30 години (31,6 %).

## 2. ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ПСИХИЧКОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ (МОБИНГ)

На прашањето: колку пати како различни настани сте доживеале некој облик на психичко вознемирување, најголем дел од жените-жртви на психичко вознемирување 41,8 % одговориле дека претрпеле од 3 - 10 поединечни дејства на мобинг, а 22,5 % изјавиле дека претрпеле едно до две дејства на психичко вознемирување.

Зачестеноста на психичкото вознемирување е посебно загрижувачка кај 14,1 % од жените жртви на мобинг, кои повеќе од 20 пати биле изложени на различни видови психичко вознемирување.

**Табела бр. 8. Колку пати како различни настани доживеале некој облик на психичко вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Еднаш или двапати | 22,5 |
| Од 3 до 10 пати | 41,8 |
| Од 11 до 20 пати | 12,8 |
| Повеќе од 20 пати | 14,1 |
| Не може да се сети | 6,7 |
| Одбиваат да одговорат | 2,2 |
| **Вкупно** | **100** |

## 3. ПОСЛЕДЕН ИНЦИДЕНТ

Со цел добивање поверодостојни податоци за видовите на манифестирање мобинг, но и утврдување на профилот на вршителот на мобинг, жртвите на мобинг (462) беа прашувани за последниот инцидент на мобинг што го доживеале.

### 3.1. Застапеност на одделни видови /подвидови на психичко вознемирување

Оттука, со анализирање на застапеноста на видовите на мобинг на кои биле изложени жртвите во последниот инцидент, се дојде до следните податоци. При последниот инцидент жртвите биле изложени најмногу на „*Компромитирање на личниот углед – репутација*" (51,3%), по кое следи „*Попречување на комуникацијата*" (18,0 %) и „*Компромитирање на стручноста - стручниот став и мислење*„ (17,3 %). Помалку застапени се дејствата на психичко вознемирување што предизвикуваат „*опасност за здравјето*" (8,1 %), по што следи „*Прекинување на контактите со колегите*" (5,0 %).

**Табела бр. 9. Застапеност на видовите психичко вознемирување во последниот инцидент**

| **Вид на психичкото вознемирување** | **%** |
|---|---|
| Компромитирање на личниот углед (репутација) | 51,3 |
| Попречување на комуникацијата | 18,0 |
| Компромитирање на стручноста (стручниот став и мислење) | 17,3 |
| Опасност за здравјето | 8,1 |
| Прекинување на контактите со колегите | 5,0 |
| **Вкупно** | **100** |

Освен застапеноста на основните пет вида психичко вознемирување, се анализираше застапеноста на поединечните подвидови мобинг на кои биле изложени жртвите во последниот инцидент, при што се добија следните податоци (види табела бр. 10).
Имено, непотребното критикување на одлуките што ги донеле е подвид на мобинг на кој најчесто биле изложени жртвите во последниот инцидент (22,2 %), по што следи застапеноста на клеветење и пристрасно оценување на работните постигнувања (16,9 %). Истите овие поединечни подвидови мобинг на кои најчесто биле изложени жртвите при последниот инцидент се и со највисок степен на застапеност во анализирање на општата застапеност на секој подвид (види табела бр. 2).
Нареден по застапеност подвид на мобинг на кој биле изложени жртвите во последниот инцидент е исмејување и имитирање на начин што довел до рушење на угледот, реномето и честа на жената работничка (12,2 %), по што следи прекинување додека зборувале, или правење навредувачки гестикулации (8,5 %). Од сите подвидови мобинг најмалку се застапени следните: забрана за разговор со колегите, изолација од другите колеги и наметнато боледување.

**Табела бр. 10. Застапеност на подвидови психичко вознемирување за време на последниот инцидент**

| | број | % |
|---|---|---|
| Компромитирање на личниот углед (репутација) | | |
| Исмејување, имитирање на начин што довел до рушење на угледот, реномето и честа | 130 | 12,2 |
| Непотребно критикување поради донесените одлуки | 236 | 22,2 |
| Клевета или пристрасно оценување на работните постигнувања | 180 | 16,9 |
| Попречување на комуникацијата односно раководителите не даваат можност за комуникација | | |
| Попречување во комуникација со други колеги, други претпоставени без никаква можност за комуникација со нив | 19 | 1,7 |
| Принуда да се молчи и покрај вербалните напади за сработеното | 82 | 7,7 |
| Прекинување додека говорат, правење навредувачки гестикулации, непотребно повишување на тонот додека зборуваат со нив | 91 | 8,5 |
| Прекинување на контактите со колегите | | |
| Екскомуникација од колегите | 9 | 0,8 |
| Забрана за разговори со колегите | 7 | 0,6 |
| Изолирање, тргање на страна во просторија подалеку од колегите | 7 | 0,6 |
| Исклучување од настани што ги организира работната организација | 31 | 2,9 |
| Компромитирање на стручниот став и мислење | | |
| Недавање работни задачи, давање работни задачи што се прелесни во однос на квалификациите, давање понижувачки работни задачи | 41 | 3,8 |
| Давање работни задачи со задоцнување, премногу доцна за да бидат извршени | 80 | 7,5 |
| Давање работни задачи што се неостварливи | 31 | 2,9 |
| Недавање информации важни за работењето | 25 | 2,3 |
| Наметнато боледување | 7 | 0,6 |
| Опасност за здравјето | | |
| Давање работни задачи што се штетни за здравјето | 15 | 1,4 |
| Закана за отпуштање од работа | 72 | 6,7 |
| Физички напад | / | |
| **Вкупно** | **1.063** | **100** |

Од табеларниот приказ може да се забележи дека жртвите на психичко вознемирување (мобинг) претрпеле вкупно 1.063 поединечни дејства (подвидови) на мобинг, со што во просек тие биле изложени на 2,3 различни подвидови мобинг.

### 3.2. Време на случување на последниот инцидент

Жените-жртви на мобинг беа прашани и за времето на случување на последниот инцидент, па така од вкупниот број жртви што доживеале психичко вознемирување (462), 340 испитанички изјавиле дека последен пат доживеале психичко вознемирување (мобинг) во последните 12 месеци, а 73 испитанички изјавиле дека тоа им се случило пред 1 - 5 години. Четиринаесет испитанички последниот инцидент го доживеале пред 6 - 10 години, а шест испитанички последниот инцидент на мобинг го доживеале пред 11 - 20 години.

**Табела бр. 11. Време на случување на последниот инцидент на психичко вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Во последните 12 месеци | 73,6 |
| Помеѓу 1 и 5 години | 15,8 |
| Помеѓу 6 и 10 години | 3,0 |
| Помеѓу 10 и 20 години | 1,3 |
| Не можат да се сетат | 3,9 |
| Одбиваат да одговорат | 2,4 |
| **Вкупно** | **100** |

### 3.3. Профил на вршителот на психичко вознемирување

Со цел утврдување на профилот на вршителот на психичко вознемирување, на жртвите на психичко вознемирување (462) им беа поставени сет прашања за карактеристиките на сторителот (сторителите) што ги извршиле овие дејства. Според добиените податоци висока е застапеноста на дејствата на мобинг извршени од поединец односно (83 %). Со пониска застапеност се дејствата на мобинг извршени од страна на група од повеќе работници (17 %).

Воедно, жртвите на мобинг беа прашани и за повеќе карактеристики што го определуваат профилот на сторителот на мобинг и тоа: половата припадност, возраста, брачниот статус, работниот стаж и степенот на образование.

*Од добиените податоци од жртвите се доби следниот профил на вршител на психичко вознемирување. Оттука, вршителот е маж на возраст од 41 - 50 години, оженет и со завршено високо образование. Вршителот е најчесто директно претпоставен раководител со работен стаж од 6 - 10 години во работната организација.*

Во насока на утврдување на профилот на вршителот беше поставено и прашањето: кој е најчест вршител на психичко вознемирување односно на која работна позиција

се наоѓаат најчесто вршителите на психичко вознемирување. Во најголем број случаи односно во (43,3 %) жените работнички доживеале мобинг од страна на нивниот директно претпоставен раководител. Една четвртина од испитаничките (24 %) изјавиле дека мобингот бил извршен од колега /колешка што се наоѓа на иста позиција, а пак 18,4 % изјавиле дека биле психички вознемирувани од директорот на работната организација. Второт претпоставен раководител во 7,1 % од случаите бил вршител на мобинг, а пак странките /клиентите извршиле дејства на мобинг во 3, 2 % од случаите.

**Табела бр. 12. Вршител на психичко вознемирување**

| | број | % |
|---|---|---|
| Колега (колешка) на иста позиција | 111 | 24,0 |
| Директно претпоставен раководител | 200 | 43,3 |
| Второпретпоставен раководител | 33 | 7,1 |
| Директор | 85 | 18,4 |
| Подреден (-а) на пониска работна позиција | 3 | 0,6 |
| Странка (клиент) | 15 | 3,2 |
| Пациент | 1 | 0,2 |
| Друг | 2 | 0,4 |
| Одбиваат да одговорат | 12 | 2,6 |
| **Вкупно** | **462** | **100** |

Една од карактеристиките што го гради профилот на вршителот е секако неговиот работен стаж односно колку долго работи во работната организација. Од добиените податоци може да се констатира дека најголем дел од вршителите на мобинг имаат работен стаж од 6 - 10 години во работната организација. Подеднакво се застапени вршителите што имаат работен стаж од 1 - 5 години (21,8 %) и вршителите што имаат работен стаж од 11 - 20 години (21,2 %).

**Табела бр. 13. Време на работење во работната организација на вршителот на сексуално вознемирување**

| | % |
|---|---|
| До 1 година | 2,7 |
| 1 - 5 години | 21,8 |
| 6 - 10 години | 26,7 |
| 11 - 20 години | 21,2 |
| 21 - 30 години | 11,4 |
| 31 - 40 години | 2 |
| Повеќе од 40 години | 0,4 |
| Непознато | 13,8 |
| **Вкупно** | **100** |

Вршител на дејствата на мобинг почесто е лице од машки пол (62,4 %), наспрема (37, 6 %) од случаите во кои како вршител се јавува лице од женски пол.
Во однос на возраста, најчести се вршителите што се наоѓаат во возрасната група од 41 - 50 годишна возраст (37,8 %), па потоа следат извршителите на возраст од 31 - 40 години (35,4 %). Вршителите на возраст од 51 - 60 години се трети по застапеност во пријавените случаи на мобинг (15,7 %), а со помала застапеност од 9,8 % се вршителите на возраст од 21 - 30 години. Од следните податоци може да се извлече заклучокот дека единствено лицата под 20 години мошне ретко се јавуваат во улога на вршители на мобинг и тоа во 0,4 % од случаите.

**Табела бр. 14. Возраст на вршителот на психичко вознемирување**

| Возраст на вршителот | % |
|---|---|
| Под 20 години | 0,4 |
| Од 20 - 30 години | 9,8 |
| Од 31 - 40 години | 35,4 |
| Од 41 - 50 години | 37,8 |
| Од 51 - 60 години | 15,7 |
| Над 60 години | 0,9 |
| **Вкупно** | **100** |

Според степенот на образование вршителите на мобинг на последниот инцидент се почесто лица со високо образование (39 %), а по нив следат лицата со средно образование односно 27,30 % од вршителите. Трети по застапеност се вршителите што имаат више образование (11,3 %). Приближно секоја десетта жртва нема информации за степенот на образование на вршителот на психичко вознемирување.

**Табела бр. 15. Степен на образование на вршителот на психичко вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Без образование (знае да чита и да пишува) | 0,4 |
| Незавршено основно образование | / |
| Завршено основно образование | 4,1 |
| Средно образование | 27,3 |
| Више образование | 11,3 |
| Високо образование | 39,0 |
| Магистратура | 3,5 |
| Докторат | 2,4 |
| Непознато | 10,8 |
| Одбиваат да одговорат | 1,3 |
| **Вкупно** | **100** |

Што се однесува за брачната состојба на вршителите, може да се констатира дека 72,5 % од вршителите се наоѓаат во брак односно се женети лица. Приближно секоја десетта жртва не знае кој е брачниот статус на вршителот на мобинг.

**Табела бр. 16. Брачна состојба на вршителот на сексуално вознемирување**

| **Брачна состојба на вршителот** | % |
|---|---|
| Женет | 72,5 |
| Живее со некого, но не е женет | 1,7 |
| Разведен | 5,6 |
| Живее одвоено од жената | 0,2 |
| Вдовец | 1,9 |
| Сам | 5,8 |
| Во врска | 3 |
| Непознато | 9,1 |
| **Вкупно** | **100** |

## 4. РЕАКЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Посебно важен сегмент во анализирањето на податоците од истражувањето е реакцијата, односно преземањето на акција од страна на вработената жена по психичкото вознемирување.

Реакцијата подразбира активно сторување дејства како резултат на доживеаниот мобинг како што е напуштањето на работното место, но и пасивно однесување односно игнорирање на проблемот како што е избегнување на лицето што е вршител на мобинг, задржување на добрите работни односи, одговарање на мобингот со хумор или пак разговарање со други за проблемот.

Според добиените податоци 60,6 % од жртвите на мобинг презеле некакво дејство односно реагирале на одреден начин. За разлика од нив 39,4 % од жртвите не направиле никаква реакција.

**Табела бр. 17. Преземена реакција по психичкото вознемирување**

| | број | % |
|---|---|---|
| Презеле реакција | 280 | 60,6 |
| Не презеле реакција | 182 | 39,4 |
| **Вкупно** | **462** | **100** |

Жртвите што не презеле никаква реакција навеле повеќе причини поради кои не реагирале односно не презеле ништо по дејствата на психичко вознемирување.
Од сите наведени причини најзастапена е непреземањето ништо поради страв од губење на работното место (53,8 %). Наредна по застапеност причина поради која жртвите не презеле ништо е верувањето дека мобингот не бил толку сериозен за да преземат нешто за негово решавање (28,5 %). Со пониска застапеност е верувањето кај 20,8 % од жртвите што не реагирале, поради тоа што сметале дека никој не можел да стори ништо во однос на тоа прашање, потоа поради срам (10, 9 %) и страв од обвинување дека таа сама го предизвикала мобингот (8,2 %).

Реакцијата спрема психичкото вознемирување се анализираше преку утврдување на три типа реакција која ја користеле жртвите што презеле некаква реакција: преземање лична реакција, неформална реакција и преземање формална реакција. Добиените податоци покажуваат исклучително висока застапеност на личната реакција (99,6 %) и неформалната реакција (98,2 %), наспроти исклучително ниската застапеност на формалната реакција (20,7 %).

**Табела бр. 18. Реакција на жртвата**

| | бр. на жртви што реагирале на одреден начин | % |
|---|---|---|
| Лична реакција | 279 | 99,6 |
| Неформална реакција | 275 | 98,2 |
| Формална реакција | 58 | 20,7 |

### 4.1. Лична реакција /интервенција

Личната реакција подразбира сторување (доколку жртвата сама презела мерки за укажување на насилникот за мобингот), но и несторување (доколку жртвата реагирала со игнорирање на проблемот на начин што го избегнувала вршителот, одржувала „добри односи" или на мобингот одговорила со хумор.

Со анализирање на личната реакција, може да се констатира дека 279 испитанички лично реагирале од вкупно 280 испитанички што одговориле дека реагирале на одреден начин.
Во личната реакција од повеќето дејства на реагирање најзастапено е дејството на *усно барање од вршителот да престане мобингот* (75,8 %). Потоа следи *избегнување на вршителот на мобинг* (60,1 %), по што следи реакција што подразбира одржување на добрите работни односи со вршителот на мобинг. На овој начин постапила 161 жена-жртва на мобинг (57,3 %). По нив следи *закана за пријава на вознемирувањето* (40,2 %). *На мобингот одговорила со хумор* е реакција застапена кај 29,5 % од жените-жртви, а пак 8,5 % од жртвите си заминале од работното место како резултат на мобингот што го доживеале. Со најниска застапеност е реакцијата *физички се спротивставила на вршителот* (7,1 %).

**Табела бр. 19. Видови лична реакција**

| | % |
|---|---|
| Усно барање да престане вознемирувањето | 75,8 |
| Физичко спротивставување (оттргнување) од вршителот | 7,1 |
| Закана за пријавување на вознемирувањето | 40,2 |
| Избегнување на вршителот на психичкото вознемирување | 60,1 |
| Обид да се одржат добри работни односи со вршителот | 57,3 |
| Одговор со хумор | 29,5 |
| Напуштање на работното место | 8,5 |

На прашањето дали жртвите на психичко вознемирување односно оние што реагирале се задоволни од ефектите на нивната реакција, дури 117 од нив (41,9 %) изјавиле дека не се задоволни, напротив и по презематата реакција психичкото вознемирување продолжило и понатаму. Во 33,0 % од случаите реакцијата довела до престанок на психичкото вознемирување.

### 4.2. Неформална реакција

Приближно подеднаква е застапеноста на личната реакција, со застапеноста на неформалната реакција.
Според добиените податоци неформално реагирале 275 од жените-жртви на мобинг што презеле реакција. Од ова произлегува дека овој тип реакција заедно со личната реакција се дејства што подеднакво во голема мера биле преземени од жртвите што доживеале психичко вознемирување.

Од неформалните начини за реагирање, жртвите најмногу ги користеле неформалните разговори со своите пријатели (87,6 %), по што следат разговори со своите колеги (75,2 %), и најмалку оствариле разговори за мобингот што им се случува со своите сопрузи - партнери (75,2 %).

Предмет на интерес во оваа насока претставуваше и тоа на кој начин реагирале оние на кои жртвите им се обратиле за помош и поддршка. Имено, во најмногу случаи тие покажале разбирање и им дале поддршка на жртвите (76 %), а пак (22,1 %) покажале разбирање, но им укажале дека е подобро да се повлечат и да молчат.

**Табела бр. 20. Видови неформална реакција**

| | |
|---|---|
| Разговарала со колегите | 75,2 |
| Разговарала со сопругот | 68,3 |
| Разговарала со пријателите | 87,6 |

**4.3. Формална реакција**

Од вкупниот број на жртви што презеле реакција по дејствата на мобинг (280), само 20,7 % од нив презеле формална реакција односно се обратиле до официјален орган, институција или пак повеле одредена формална постапка за нивна заштита.

Од дејствата на формална реакција од страна на жртвите најмалку користена е пријавување во трудова инспекција (1,7 %), по што следи пријавување во синдикат (2,1 %), а исто толку користеле поведување на судска постапка за надомест на штета (2,1 %).
Најчеста формална реакција што ја користеле жените жртви на мобинг е пријавување на психичкото вознемирување кај работодавачот (21,4 %).

Безмалку половина од оние што формално пријавиле, изјавиле дека се задоволни од постапувањето на организацијата (институцијата). Другите изразиле незадоволство од постапувањето на надлежните органи или институции истакнувајќи дека тоа се должело на: нивно недоволно постапување и незаинтересираност и коректност во постапувањето по пријавен случај на мобинг.

**Табела бр. 21. Видови формална реакција на жртвата на психичко вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Пријава во синдикатот | 2,1 |
| Пријава до работодавачот | 21,4 |
| Пријава во трудовата инспекција | 1,7 |
| Судска постапка за надомест на штета за дискриминација | 2,1 |

*Добиените податоци покажуваат особено низок степен на формално пријавување на психичкото вознемирување и тоа во синдикатот и во трудовата инспекција. Исто така значително е низок степенот на поведување судска постапка за надомест на штета.*

*Единствена формална постапка што жртвите на мобинг ја презеле е пријавување кај работодавачот (21,4 %). За жал, по пријавувањето кај работодавачот тие не преземаат други формални дејства.*

## 5. ПОСЛЕДИЦИ ОД ПСИХИЧКОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ЖРТВАТА

Жените-жртви на психичко вознемирување во нашата земја се соочуваат со различни видови последици, кои штетно влијаат по нивното здравје, приватниот живот, работната способност како и врз нивната професионална кариера и работното место.

Од добиените податоци може да се заклучи дека жените- жртви на мобинг пријавиле дека во најголема мера трпат емоционални и психолошки последици (89, 6 %); по што следи соочување со психосоматски последици како резултат на психичкото вознемирување кај 70,1 % од жртвите и најмалку трпеле последици од нарушувања во приватниот живот (46,5 %).

**Табела бр. 22. Видови последици од психичкото вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Емоционални и психолошки последици | 89,6 |
| Нарушувања во приватниот живот | 46,5 |
| Психосоматски последици | 70,1 |

### 5.1. Последици за здравјето и приватниот живот на жртвите

#### 5.1.1. Емоционални и психолошки последици

Високиот процент на претрпени емоционални и психолошки последици од 89,61 % говори за исклучителното високо влијание на дејствата на мобинг врз здравјето на жените-работнички што се соочиле со него.

Од емоционалните и психолошки последици со кои се соочува жртвата на психичко вознемирување, најчести се следните: лутина (70,2 %), пониженост (50,7 %), недоверба (22,4 %) и чувство на несигурност (21, 9%) . По нив следат, чувството на страв (19,0 %) и чувството дека не се способни за концентрација (17, 8 %). Во помала мера жртвата се соочила со следните последици и тоа чувство на загубена самодоверба (9,4 %) и чувство на тотална беспомошност (7,7 %).

**Табела бр. 23. Емоционални и психолошки последици од психичкото вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Недоверба | 22,4 |
| Страв | 19,0 |
| Лутина | 70,2 |
| Пониженост | 50,7 |
| Чувство на несигурност | 21,9 |
| Чувство на беспомошност | 7,7 |
| Депресија | 4,3 |
| Неспособност за концентрација | 17,8 |
| Неспособност за работа | 6,0 |
| Загубена самодоверба | 9,4 |
| Одбиваат да одговорат | 1,4 |

### 5.1.2. Психосоматски последици

Во значителна мерка жртвите на психичко вознемирување пријавиле дека почувствувале низа психосоматски симтоми односно во 70,12 %.
Од психосоматските последици на кои се пожалиле жртвите на психичко вознемирување најчести се претераните главоболки (82 %); по што следат проблеми со спиењето (32 %); потоа зголемено срцебиење и проблеми со срцето (21,2 %); болки во мускулите, во вратот и во грбот (12,9 %) и најмалку се пожалиле на болки и проблеми во стомакот (6,4 %).

**Табела бр. 24. Психосоматски последици од психичко вознемирување**

| Психосоматски последици | % |
|---|---|
| Болка во мускулите, болки во вратот и во грбот | 12,9 |
| Главоболка | 82 |
| Проблеми со спиењето | 32 |
| Зголемено срцебиење и проблеми со срцето | 21,2 |
| Помисла на самоубиство | 0,3 |
| Стомачни болки | 6,4 |
| Одбиваат да одговорат | 3, 0 |

### 5.1. 3. Нарушување на приватниот живот

Безмалку половина од жртвите на психичко вознемирување (46,5 %) изјавиле дека им бил нарушен приватниот живот. Нарушувањето на приватниот живот кај жртвите на психичко вознемирување најмногу се одразило со постоење на сериозни тензии во приватниот живот (87,9 %). Во помала и еднаква застапеност се следните последици: *имање непријателски чувства спрема другите и изолирање од другите* (13,4 %). Со пониска застапеност се *оддалечување од блиските* (7,9 %) и *одбивност или страв од физички допир* (1,8 %).

**Табела бр. 25. Нарушување на приватниот живот**

| | % |
|---|---|
| Тензии во приватниот живот | 87,9 |
| Непријателски чувства спрема другите | 13,4 |
| Изолирање од другите | 13,4 |
| Оддалечување од блиските | 7,9 |
| Одбивност или страв од физички допир | 1,8 |
| Одбиваат да одговорат | 9,3 |

Заради утврдување на серизноста на последиците што ги почувствувале жртвите на психичко вознемирување, кои се рефлектирале на нивното здравје, жртвите на мобинг беа прашани за тоа што направиле за да се справат со последиците. Најчестиот начин што го користеле жртвите за ублажување односно намалување на

последиците од стореното психичко вознемирување е самоиницијативното земање лекови (45,6 %). Од друга страна, пак, зачудува податокот дека само 8,8 % од жените жртви се обратиле за медицинска помош и само 11,3 % од нив користеле боледување.

## 5.2. Последици врз професионалната кариера

Предмет на анализа претставуваше и утврдувањето на штетните последици што ги трпи жртвата во однос на нејзината професионална кариера односно работен статус како резултат на психичкото вознемирување. Дека ова вознемирување во голема мера влијаело на работната способност, се изјасниле дури 71,2 % од жртвите. Нарушената работна способност кај жртвите на психичкото вознемирување најчесто се изразила преку неспособноста за концентрација (79,9%), намалување на продуктивноста (34,6%), по што следи намалување на можноста за разумно размислување (20,9 %).Најмалку нарушената работна способност се изразила преку намалување на способноста за расудување и решавање на проблемите (10,3 %).
Согласно со анализираните податоци, психичкото вознемирување предизвикало и одредени влијанија врз кариерата и работното место на жените-жртви на психичко вознемиривање, за што потврдно се изјасниле 45,4 % од жртвите на психичко вознемирување.
Негативните влијанија од психичкото вознемирување се одразиле на следниот начин. Имено 39,5 % од жртвите изјавиле дека се соочиле со неоснован критицизам, 34,2 % изјавиле дека им се зголемил работниот ангажман и 33,3 % изјавиле дека им се намалила платата.
Психичкото вознемирување иако во помала застапеност негативно се одразило на кариерата и работното место на жртвата, на начин што придонел за намалување на работните задачи кај 9,0 % од жртвите, дури и давање отказ од работа кај 7,6 % од жртвите на психичко вознемирување. По нив следат изолацијата (6,6 %) и принуда да дадат отказ од работното место (4,7 %).

**Табела бр. 26. Влијание врз кариерата и врз работното место**

| | % |
|---|---|
| Намалување на работните задачи | 9,0 |
| Намалување на платата | 33,3 |
| Зголемување на работниот ангажман | 34,2 |
| Неоснован критицизам | 39,5 |
| Изолација | 6,6 |
| Отпуштање од работа | / |
| Принуда за давање отказ | 4,7 |
| Давање отказ самоволно | 7,6 |
| Одбиваат да одговорат | 10,47 |

## 6. ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА ВРЗ ПОЈАВАТА НА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Определени професионални карактеристики на работните организации како и организациската култура во однос на третманот на оваа појава можат да бидат фактори што ќе влијаат на застапеноста на одделни видови психичко вознемирување.

### 6.1. Професионални карактеристики во работната организација

Процената на влијанието на професионалните карактеристики на организацијата се испитуваше преку анализирање на влијанието на половата структура во организациите и бројот на вработените. Од добиените податоци можеме да заклучиме дека половата структура има влијание само врз појавата на одделни видови психичко вознемирување. Имено, застапеноста на *„Компромитирање на личната репутација“* како и *„Попречувањето на комуникацијата“* и *„Компромитирањето на стручниот став /мислење“* не зависат од половата структура во работната организација. Од друга страна, пак, одделни видови психичко вознемирување како што е *„Прекинувањето на контактите со колегите“* е повеќе застапено во организациите во кои повеќето вработени се мажи, а пак дејствата на психичко вознемирување што доведуваат до *„опасност за здравјето“*, се повеќе застапени во организациите во кои повеќето од вработените се жени.
Што се однесува пак за влијанието на бројот на вработени лица во организацијата врз појавата на одделни видови психичко вознемирување, иако е мало, сепак можеме да констатираме дека *„Компромитирање на личната репутација“*, *„Попречување на комуникацијата“* и *„Компромитирање на стручниот став /мислење“* се почесто застапени во организации што имаат до 50 вработени. За разлика од овие три вида, *„Прекинување на контактите со колегите“* и *„опасност за здравјето“* почесто се јавуваат во организации што имаат до 30 вработени.

### 6.2. Организациска култура во работната организација

Дали организацијата има развиено прописи и постапки за третирање на случаите на психичко вознемирување односно дали во организацијата има став за нетолерирање на психичкото вознемирување се фактори што влијаат врз појавата на поединечните видови психичко вознемирување.
*„Компромитирањето на личната репутација“* најмногу е застапено во организациите што немаат развиено прописи и постапка и не преземаат ништо во однос на третманот на оваа појава (77,7 %), по што следат организациите во кои нема развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира (40,4 %) и најмалку е застапено во организациите што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаи на психичко вознемирување(31,7 %).
*„Попречување на комуникацијата“* идентично како и кај првиот вид психичко вознемирување, најмногу е застапено во организациите што немаат развиено прописи и постапка и не преземаат ништо во однос на третманот (62,5 %), помалку е застапено во организациите во кои нема развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира (26,1 %) и најмалку е застапено во

организациите што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаи на психичко вознемирување (16,7%).

*„Компромитирање на стручниот став /мислење“* како вид вознемирување исто така е најмногу застапен во организациите што немаат развиено прописи и постапка и не преземаат ништо во однос на третманот (61,7 %), па потоа во организациите во кои нема развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид на вознемирување не се толерира (29 %) и најмалку е застапено во организациите што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаи на психичко вознемирување (14,4 %).

*„Прекинување на контактите со колегите“* најмногу е застапено во организациите што немаат развиено прописи и постапка и не преземаат ништо (27,7 %), па следат организациите во кои нема развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид на вознемирување не се толерира (11 %) и најмалку во организациите што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаи на психичко вознемирување (5,6 %).

Дејствата на мобинг што предизвикуваат *„опасност за здравјето“* се скоро подеднакво застапени и во организациите што немаат развиено прописи и постапка и не преземаат ништо (43,4%) и во организациите во кои нема развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид на вознемирување не се толерира (44 %). Во организациите што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаи на психичко вознемирување овој вид е најмалку застапен (3,9 %).

Политиката на организацијата во однос на тоа колку се води грижа за вработените и колку се обезбедува заштита и остварување на правата на своите вработени, влијае врз застапеноста на одделните видови психичко вознемирување.

Оттука, *„Компромитирањето на личната репутација“* најмногу е застапено во организациите што не водат грижа за работниците и не обезбедуваат соодветна заштита (82,9 %) и помалку е застапена во организациите што водат грижа за заштита на работниците (34,6%).

*„Попречување на комуникацијата“* најмногу е застапено во организациите што не водат грижат за работниците (64,5%), наспроти помалата застапеност во организациите во кои се води грижа за остварување на правата на работниците (21,9%).
И *„компромитирањето на стручниот став (мислење)* најмногу е застапено во организациите што не водат грижа за работниците (67,7%), а помалку е застапено во организациите што водат грижа за остварување на правата на работниците и нивна заштита доколку дојде до прекршување (19, 0%).

*„Прекинување на контактите со колегите“* најмногу е застапено во организациите што не водат грижа за работниците (29,5%) и најмалку е застапено во организациите што водат грижа (8,5%).

И на крај, *дејствата на мобинг „опасни за здравјето“* најмногу се застапени во организациите што не водат грижа за остварување на правата на работниците (51,2%), наспроти ниската застапеност во организациите во кои се води грижа за тоа (7,7%).

Во однос на тоа дали постои влијание врз застапеноста на одделни видови психичко вознемирување во зависност од тоа дали на раководните позиции се наоѓаат мажи или жени или пак подеднакво се застапени, можеме да заклучиме дека сите видови психичко вознемирување се најчесто застапени во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции. Па така, *„Компромитирање на личната репутација“* најмногу е застапена во организациите во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (56,1 %), па во организациите во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (55,2 %) и најмалку во организациите во кои жените се наоѓаат на раководни позиции (35,3 %). *„Попречување на комуникацијата“* е најмногу застапено во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (40,9 %), па во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (36,8 %) и најмалку во организации во кои жените се наоѓаат на раководни позиции (27,4 %). *„Компромитирање на стручниот став (мислење)“*, е најмногу застапено во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (41,7 %), па во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (34 %) и најмалку во организации во кои жените се наоѓаат на раководни позиции (28,9 %). *„Прекинување на контактите со колегите“* е најмногу застапено во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (19,5 %), па во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (13,7 %) и најмалку во организации во кои жените се наоѓаат на раководни позиции (19,5 %). И на крај, *дејствата на мобинг „опасни за здравјето“* се најмногу застапени во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (29,4 %), па во организации во кои жените се наоѓаат на раководни позиции (18,4 %) и најмалку во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (14,2 %).

## 7. СТАВОВИ НА ЖРТВИТЕ ВО ОДНОС НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ПСИХИЧКОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Предмет на анализа беа и ставовите на жртвите што преживеале одредени видови психичко вознемирување во однос на тоа колку е тоа застапено во нивните работни организации. Добиените податоци покажуваат дека жртвите на сите видови психичко вознемирување (мобинг) ја оцениле својата организација како организација во која случаите на мобинг се секојдневие.

Имено, жртвите на „*Компромитирање на личната репутација*„ својата организација ја оценуваат како организација во која случаите на психичко вознемирување се секојдневие, (87,1 %), по што следи ставот дека во нивната организација случаите на психичко вознемирување не се чести (50,3 %) и најмалку ја оцениле својата организација како организација во која случаите на психичко вознемирување воопшто ги нема (17,3 %).

Жртвите на „*Попречување на комуникацијата*“ најмногу сметаат дека нивната организација е организација во која случаите на психичко вознемирување се секојдневие (72,1 %), по што следи оценката дека нивната организација е организација во која случаите на психичко вознемирување не се чести (30,4 %) и најмалку сметаат дека во нивната организација случаите на психичко вознемирување воопшто ги нема (10,5 %).

Што се однесува за „*Компромитирање на стручниот став (мислење)*“, жртвите на овој вид психичко вознемирување својата организација најчесто ја оценуваат како организација во која случаите на мобинг се секојдневие (70,4 %), па како организација во која случаите не се чести (35 %) и најмалку како организација во која случаите на мобинг воопшто ги нема (3,8 %).

Жртвите на „*Прекинување на контактите со колегите*“ својата организација најчесто ја оценуваат како организација во која случаите на мобинг се секојдневие (29,6 %), па како организација во која случаите на мобинг не се чести (14,4 %) и најмалку ја оцениле како организација во која ваквите случаи воопшто ги нема (4,6 %).

И на крај, жртвите на *дејствата на мобинг опасни за здравјето* својата организација најчесто ја оценуваат како организација во која мобингот е секојдневие (48,9 %), па како организација во која мобингот не се случува често (17 %) и најмалку ја оценуваат како организација во која случаите на мобинг воопшто ги нема (4,2 %).

## 8. ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ПРИЈАВЕНО ОД ИСПИТАНИЧКИТЕ ШТО НЕ СЕ ЖРТВИ НА ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Со цел добивање сеопфатни податоци за застапеноста на психичкото вознемирување не единствено од аспект на доживеано искуство, туку дали постојат сознанија за други лица што доживеале мобинг, испитаничките што изјавија дека не доживеале мобинг беа прашувани за појава на мобинг на вработени жени што тие ги познаваат.

Имено, од вкупниот број на вработени жени испитанички (349) што изјавиле дека не се жртви на мобинг, 158 потврдиле дека познаваат вработена жена што доживеала мобинг и тоа (113 изјавиле дека познаваат повеќе од една вработена жена што доживеала мобинг и 45 изјавиле дека познаваат една жена жртва на мобинг). Од друга страна пак 191 испитаничка изјавила дека не познава ниту една друга вработена жена што доживеала психичко вознемирување.

**Табела бр. 27. Дали познаваат вработена жена што доживеала мобинг**

| | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Да, една | 45 | 12,9 |
| Да, повеќе од една | 113 | 32,4 |
| Не | 191 | 54,7 |
| **Вкупно** | **349** | **100** |

Жените што одговараа за друго лице што го познаваат беа прашани за тоа кој го извршил мобингот. Од добиените податоци може да се констатира дека во најголем број случаи мобингот бил извршен од страна на директно претпоставениот раководител во работната организација и тоа во 29 % од случаите. Исто така висока е и застапеноста односно вршењето на мобинг од страна на колега или колешка на иста позиција и тоа во 26 % од инцидентите на мобинг. Во 19 % од инцидентите на мобинг извршител бил директорот на работната организација, во 9 % од случаите мобингот е извршен од страна на клиенти (странки) што ги користеле услугите на работната организација и во 8 % од случаите од второпретпоставениот раководител во работната организација.

Во однос на анализираните податоци за тоа каков вид психичко вознемирување доживеале оние жртви што ги познаваат испитаничките што не се жртви, податоците укажуваат дека најзастапен вид психичко вознемирување е „*Компромитирање на личната репутација*“ (51,1 %). Со помала и еднаква застапеност се следните видови, „*Попречување на комуникацијата односно претпоставените не даваат можност за комуникација*“ (14,6 %), „*Компромитирање на стручниот став / мислење*“(14,6 %), по што следи „*Опасност по здравјето*“ (13,6 %). Најмалку застапен вид психичко вознемирување е „*Прекинување на контактите со колегите*“ (6,0 %).

Истата група на испитанички беа прашани за поединечни подвидови мобинг што ги доживеале нивните познанички. Истите доживеале најразлични подвидови мобинг меѓу кои најчестите се:

- непотребно критикување за донесените одлуки (20 %);
- клеветење или пристрасно оценување за работните постигнувања (17 %);
- исмејување, имитирање на начин што довел до компромитирање на угледот, реномето и честа (14 %);
- закани со отпуштање (10 %)
- 

Со пониска стапка на застапеност се следните подвидови: прекинување во зборувањето, правење навредувачки гестикулации; давање работни задачи премногу доцна за да се извршат; недавање работни задачи, или давање работни задачи прелесни во однос на квалификациите односно понижувачки работни задачи. Другите облици што ги преживеале се: давање работни задачи штетни за здравјето, сексуално вознемирување; забрана за комуникација со други колеги, изолација, недавање информации важни за работењето, се со мошне ниска застапеност.

Жените што не доживеале мобинг (349) беа прашани за тоа што би направиле доколку доживеат некој облик на психичко вознемирување. Сметавме дека е потребно да се направи паралела во однос на тоа дали воопшто жените се информирани и што би презеле во случај на психичко вознемирување со податоците од реакцијата што ја преземаат жртвите што доживеале психичко вознемирување.

Во делот на претпоставена формална реакција, добиените податоци покажаа поголем степен на реакција кај оние што не доживеале мобинг. Ваквите податоци се разбирливи имајќи предвид дека станува збор за претпоставена ситуација, а не реален настан што тие го доживеале.

Така, најчести дејства што би ги презеле испитаничките во случај да доживеат мобинг се: пријавување кај работодавачот (53 %); пријавување во трудовата инспекција (43 %); поведување судска постапка за надомест на штета (32 %) и пријавување во синдикатот (24 %).

*За разлика од вака високиот степен на претпоставена формална реакција на испитаничките што не се жртви (38 %),исклучително ниска е стапката на формална реакција кај жртвите што доживеале мобинг, која изнесува 20,7 %, - види табела бр. 18.*

Во случај да доживеат мобинг, 8,3 % од испитаничките изјавиле дека не би презеле ништо само со цел да го задржат работното место. За разлика од нив, 39 % од жртвите како резултат на доживеаниот мобинг не презеле никаква реакција.
Од сето наведено можеме да заклучиме дека пред да доживеат мобинг, жените во голем процент се готови да реагираат, меѓутоа кога истото ќе го доживеат, реагираат во мошне мал процент.

## 9. ГЕНЕРАЛНИ СТАВОВИ НА ИСПИТАНИЧКИТЕ ВО ОДНОС НА ПСИХИЧКОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Освен анализирање на појавата на психичко вознемирување од аспект на доживеано искуство, сметавме дека е потребно да се добијат информации за перцепцијата, односно ставовите на сите испитанички во однос на овој феномен, неговата рашireност, законско регулирање, јавната свест и информираност како и мерките што ги презема државата за заштита од мобинг.

### 9.1 Ставови на испитанички

Оттука, 62,8 % од вкупниот број испитанички сметаат дека психичкото вознемирување е проблем за кој јавно не се говори, односно дека тој сѐ уште е табу-тема. Приближно една третина од испитаничките (27,3 %) смета дека за овој проблем јавно се говори, а пак 9,1 % од испитаничките не можат да проценат.
Испитаничките што сметаат дека психичкото вознемирување е табу-тема, беа прашани за причините на кои тоа се должи. Имено, испитаничките сметаат дека најчестите причини за тоа се: стравот од губење на работното место (72,4 %) и перцепцијата дека вознемирувањето не е сериозно и не треба да се презема ништо за негово решавање (41,1 %). Помалку застапени се срамот (27,3 %), стравот од обвинување дека жртвата сама го предизвикала (25,1 %) и перцепцијата дека никој не може да стори ништо за тоа прашање (21,8 %).

Што се однесува за рашireноста на појавата, повеќе од половина од испитаничките сметаат дека психичкото вознемирување е многу раширено, а пак над една четвртина од испитаничките смета дека појавата е делумно раширена. Наспроти овие ставови е ставот на испитаничките што сметаат дека појавата е ретко раширена (9,5 %).

Во однос на законското регулирање на појавата на психичко вознемирување може да се констатира дека две третини од испитаничките се информирани за законското регулирање на оваа појава. Од друга страна пак над една петтина (21,1 %) од испитаничките не е запознаена со законската регулираност на психичкото вознемирување.

**Табела бр. 28. Запознаеност со законското регулирање на психичкото вознемирување**

| | % |
|---|---|
| Да | 63,4 |
| Не, не ми е познато | 21,1 |
| Не можат да оценат | 14,0 |
| Одбиваат да одговорат | 1,5 |
| **Вкупно** | **100** |

Со анализирање на податоците во однос на степенот на информираноста на испитаничките за психичкото вознемирување се добија следниве податоци. За психичкото вознемирување испитаничките добиле информации најмногу од

телевизија (74,4 %), па потоа од пријателите, (33,1 %) и од колеги - колешки (30,9 %). Во помал дел, информациите ги добиле од член на семејство (13,1 %), радио (19 %), а пак во мошне незначителен дел од синдикалната организација (8 %).

Во однос на третманот на државата спрема психичкото вознемирување, задоволство изразиле само 16,1 % од испитаничките. Од друга страна пак 51,1 % од испитаничките сметаат дека државата не прави доволно да ги заштити и да им помогне на работничките што трпат психичко вознемирување. Воедно 32,8 % од испитаничките не можеле да го проценат третманот на државата.

Испитаничките сметаат дека незадоволството во однос на несоодветниот третман на државата во однос на заштита на работниците од психичко вознемирување, се должи на повеќе причини меѓу кои: државата не е заинтересирана да помогне на жените жртви, не се спроведуваат законите и казнените мерки, пријавата за психичко вознемирување не се сфаќа сериозно, нема соодветна институција каде да се пријави вознемирувањето, не се врши инспекциски надзор и работниците не се едуцирани за своите права ниту се стимулирани да го пријавуваат психичкото вознемирување.

Во однос на ставовите на испитаничките за тоа кои мерки (начини) би можеле да придонесат за соодветно третирање на проблемот на психичко вознемирување, најголем дел од нив сметаат дека е потребно информирање на вработените за ставот на организацијата за мобингот (67,1 %), по што следи воведување на постапка за психичко вознемирување во правилници и други прописи (54 %), помал дел од испитаничките сметаат дека е потребно воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвите (49,2 %) и најмалку од нив сметаат дека е потребно формирање на комисија во работната организација за решавање на случаите на мобинг (47,2 %).

### 9.2. Ставови на учесничките во фокус-групите

*„Ќе ви кажам како се чувствував кога бев жртва на мобинг, сигурно и вие сте се соочиле некогаш. Стигнуваш блиску до зградата каде што работиш и чувствуваш силна мачнина во стомакот и нагон за повраќање. Едноставно не ти се влегува, вратата ти е одбивна, зградата, улицата, населбата, сѐ. Сега на луѓето што до скоро ми беа пријатели, на целиот работен колектив, гледам како на непријатели. Се чувствувам понижено, како да не вредам ни во семејството ни во општеството. Комплетно ми е нарушен нормалниот живот“. (Исказ на учесничка на фокус-група, поранешна вработена во јавен сектор).*

Оваа автентична изјава е само дел од негативните дејства на психичко вознемирување споделени помеѓу учесничките од фокус-групите.

Сознанијата добиени од спроведените фокус-групи укажуваат на тоа дека жените-учеснички имаат основно разбирање за тоа што претставува психичкото вознемирување. Сепак, дел од нив случаите на прекршување на работното законодавство ги поистоветуваат со психичко вознемирување како на пример (непријавување на работникот, па следствено на тоа и неможност да се користи

породилно отсуство, боледување, несоодветен надоместок за сработеното, прераспределување на работни задачи што не соодветствуваат на професионалните квалификации и др.), поради фактот што повеќе вакви прекршувања на работничките права мошне често можат да бидат проследени со дејства на психичко вознемирување (мобинг).

Учесничките посочија неколку конкретни случаи на мобинг што им се случиле на работното место, меѓу кои спаѓаат: компромитирање на личниот углед, омаловажување, потценување, принуда да дадат отказ, наметнато боледување, закани за отпуштање и др.

Според сознанијата од фокус-групите за проблемот на психичко вознемирување не се говори јавно, иако учесничките беа согласни со ставот дека тоа во последните години е повеќе раширено отколку претходно.

Од дискусиите водени во фокус-групите може да се констатира дека повеќето од оние што доживеале психичко вознемирување тоа го трпеле подолг временски период, со што во исклучително голема мера им се нарушило нивното ментално и физичко здравје. Дополнитено овие дејства негативно се рефлектирале и предизвикале тензии во нивниот приватен живот. И покрај тоа, кај повеќето преовладува ставот дека никој не може да им помогне и постои обесхрабреност за водење на судска постапка бидејќи исходот е однапред познат. Сознанијата добиени од фокус-групите укажуваат и на висок степен на недоверба и небарање помош од надлежни органи и институции.

Според учесничките не постои доверба ниту во синдикалните организации, кои се со недоволна моќ, или пак со одредено политичко влијание при што нив не ги препознаваат како ефикасен механизам за заштита на правата на работниците во случаи на психичко вознемирување.
Оние, пак, што се обратиле за помош директно во работната организација односно кај претпоставениот, најчесто биле сослушани, но потоа не се случило ништо, или пак биле преупатувани да се обратат до правничката, или до вториот претпоставен, а пак тој ги упатувал повторно назад кај нив.

# II ДЕЛ

## СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ



## ВОВЕД

Овој дел од извештајот е посветен на сознанијата добиени од спроведеното истражување и дискусиите водени во фокус-групите за сексуалното вознемирување на работно место во нашата земја. Пред да ги презентираме добиените податоци, сосема накратко ќе дадеме мал вовед во однос на предметот на истражување, односно појдовната основа од која тргнавме во истражување на овој вид вознемирување.

Имено, во дефинирање на предметот на истражување односно истражувањето на сексуалното вознемирување како вид насилство врз жените на работно место, направивме преглед на неговите конститутивни елементи, видови и законска уреденост, вклучувајќи го и начинот на регулирање во домашното законодавство. Оттаму, подолу се презентирани појдовните основи, кои ги користевме за истражување на оваа појава во нашата земја.

Како појдовна позиција во истражувањето на сексуалното вознемирување ја користевме неговата дефиниција како вид вознемирување, кој преставува подвид насилството врз жените и како такво преставува кршење на женските човекови права. Оттаму, корените за појавата на овој вид насилство лежи во доминантата положба на мажите наспрема подредената положба на жените во општествениот живот, во конкретниот случај во економската сфера, односно на пазарот на труд. Овој т.н. феминистички пристап се темели на неколку постулати и тоа дека сексуалното вознемирување не претставува искажување на сексуалните желби (нагони) на мажите, туку претставува средство за држење под контрола на жените со употреба на закани и насилство односно контрола на економскиот статус на жените. Покрај ова, сексуалното вознемирување придонесува и за опстојување и засилување на родовите стереотипи за положбата и статусот на жените во општеството. Вредно е да се спомене дека корените за постоењето на сексуалното вознемирување, покрај феминистичкиот пристап, кој ние го застапуваме, се објаснува и со низа други теории. Меѓу нив би ги издвоиле теоријата за организациска моќ, односно теоријата според која појавата на овој вид вознемирување во голема мера зависи од организациската култура и третманот на овој вид вознемирување во секоја работна организација; теорија на погрешно разбирање (восприемање на однесувањето на жените од страна на нивните соработници мажи и теоријата според која вознемирувањето се случува само во организации во кои одредена категорија лица е застапена со 15 % односно претставува малцинство, а со самото тоа е поподложно на дискриминација. Сериозноста на последиците што овој вид вознемирување ги има врз економскиот статус и положбата на жената воопшто, резултираа со регулирање на овој вид вознемирување во низа меѓународни документи и национални законодавства на сексуалното вознемирување како облик на дискриминација заснована на полот.

Сексуалното вознемирување се манифестира низ два вида однесување односно несакано однесување од сексуална природа и несакано однесување предизвикано исклучиво поради полова припадност. Од овие две, најчесто е пријавувано „однесувањето од сексуална природа“. Под овој вид однесување се подразбира преземање одредени дејства, употреба на зборови, прикажување на визуелни и др. материјали што се од сексуална природа односно упатуваат на сексуален однос (активности). Вториот вид однесување, пак, преставува однесување предизвикано

поради половата припадност на жената и ова однесување ненеопходно мора да подразбира дејства или зборови што имаат сексуална смисла (конотација).

Покрај видовите односно однесувањата низ кои овој вид вознемирување може да се манифестира, од суштинско значење се конститутивните елементи на овој вид вознемирување. Еден од нив е споменатите однесувања да се „несакани“ за жртвата односно на лицето спрема кое тие се насочени. Ова значи дека од секој поединец зависи дали одредено однесување е несакано, односно неприфатливо за неа (него). Во таа смисла дури и едно поединечно однесување што е неприфатливо и навредливо може да претставува сексуално вознемирување, секако со исполнување и на другите елементи што го конституираат овој вид вознемирување. Несаканоста, односно неприфатливоста на овој вид однесување е всушност и основната разлика помеѓу сексуалното вознемирување од една страна и пријателското однесување од друга страна, кое по својата природа е посакувано и заемно. Со други зборови кога вработувањето (работниот однос) е условено со сексуална услуга или кога одредени несакани и непристојни однесувања на работно место од сексуална природа или однесување насочено кон одредено лице поради неговиот пол ќе резултираат со повреда на достоинството, ќе предизвикаат чувство на страв или ќе создадат непријателска, понижувачка или навредлива работна атмосфера, тогаш зборуваме за сексуално вознемирување.

Генерално постојат два вида сексуално вознемирување, односно сексуалното вознемирување quid pro quo или сексуално вознемирување „услуга за услуга“ и сексуално вознемирување кое резултира со создавање на непријателска работна атмосфера.

Сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ е вообичаено најпрепознатливиот вид сексуално вознемирување. Се манифестира преку две дејства односно преку закана на вознемирувачот за одредени негативни последици доколку лицето спрема кое е насочена заканата не се согласи на сексуална услуга и второто, ветување за унапредување или уживање други поволности за возврат на добивање сексуална услуга. Во суштина и двата вида имаат цел добивање сексуална услуга од страна на жртвата, за возврат на „услугата“ од вознемирувачот. Одбивањето за давање сексуална услуга и во двата случаја предизвикува низа негативни последици за работниот статус и за ангажманот на жртвата како што се: губење на работното место, деградирање, неможност за користење одредени права од работниот однос и др. И двете дејства преку кои се манифестира овој вид сексуално вознемирување беа предмет на нашето истражување.

Сексуалното вознемирување што резултира со создавање непријателска работна атмосфера се манифестира преку повеќе несакани однесувања на работно место, кои влијаат врз работната способност на жртвата и создаваат непријателска, застрашувачка или навредлива работна атмосфера. Несаканите дејства можат да бидат изразени усно; со одредени знаци и гестикулации, и физички контакт, вклучувајќи обид за силување и силување. Покрај разликите во модусите на манифестирање на двата главни вида сексуално вознемирување, тие се разликуваат и по консеквенциите. Односно кај првиот вид вознемирување, жртвата се соочува со неповолни последици што значат ограничување или губење на одредено право

(права) од работен однос, а кај вториот вид вознемирување тоа резултира со нарушување на физичкото и менталното здравје на жртвата, емотивно страдање, а не и со губење на одредено право што произлегува од работниот однос. За потребите на ова истражување вториот вид вознемирување беше структурирано низ следните подвидови: вербално сексуално вознемирување; невербално сексуално вознемирување и физички облици на сексуално вознемирување.

Во дефинирањето на предметот на нашето истражување, покрај компаративните студии и истражувања на оваа појава ни послужи и неговата законска уреденост во домашното законодавство. Сексуалното вознемирување во домашното законодавство е регулирано со казненото и работното законодавство. Имено, како во другите правни системи сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ така и во нашата земја е регулирано во рамки на казненото законодавство како кривично дело против половата слобода и половиот морал, односно како обљуба со злоупотреба на службената должност. Имено, „тој што со злоупотреба на својата должност ќе наведе на обљуба или на друго полово дејство лице што спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност, или со иста намера да го малтретира, застрашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни најмалку со пет години[10]“. Како жртва во смисла на казненото законодавство се смета односно се подразбира секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на основните слободи и права како резултат на стореното кривично дело.

За разлика од првиот вид сексуално вознемирување, сексуалното вознемирување што резултира со создавање „непријателска работна атмосфера“ во нашата земја за првпат е регулирано со работното законодавство[11] во 2005 година и со тоа претставува облик на дискриминација. Законодавецот на следниот начин го дефинирал овој вид вознемирување:
„Вознемирување во смисла на овој закон е секое несакано однесување предизвикано од некој од случаите од членот 6[12] на овој закон кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување.

Полово вознемирување во смисла на овој закон е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување“.

---

[10] Член 189, став 1, Закон за именување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник бр. 139 од 4 ноември, 2008 година.
[11] Член 9, Закон за работни односи, Службен весник бр. 16 од 5 февруари, 2010 година.
[12] Член 6, став 1, Закон за работни односи, Службен весник бр. 16 од 5 февруари, 2010 година, кој гласи: Работодавачот не смее барателот на вработување или работникот да го става во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

Под „вознемирување“ регулирано е однесувањето засновано врз половата припадност на лицето на кое тоа однесување е насочено, а под „полово вознемирување“ однесувањето кое има сексуална конотација или е од сексуална природа. Сметаме дека овој начин на дефинирање на појавата на сексуално вознемирување во нашата земја е недоволно прецизен, односно дека создава нејаснотии што можат да влијаат врз препознавањето и постапувањето по ова несакано однесување. Па така, во дефиницијата за вознемирување треба јасно да се прецизира дека се работи за дејства предизвикани поради половата припадност на лицето, а не како во сегашната дефиниција што упатува на друг член од законот во кој пак се наведени сите основи за дискриминација. Во однос на дефинираноста на половото вознемирување вредно е да се спомене дека употребувањето на зборот „полово“ наместо „сексуално“ вознемирување и „однесување од полов карактер“ наместо „однесување од сексуален карактер (природа)“, иако за некој може да е недостаток од јазичен карактер, придонесува за погрешно разбирање за тоа кои видови однесувања ги подразбира овој вид вознемирување. Интересно е да спомeнеме дека покрај дефиницијата и регулираноста на овој вид вознемирување како дискриминација, работното законодавство предвидува и гаранција за превенирање на ваков вид вознемирување. Имено, според законот „работодавацот е должен да обезбеди ниеден работник да не е жртва на вознемирување и полово вознемирување[13]“. Нејасно е како односно со кои мерки рабoдавачите ја исполнуваат оваа должност, ниту пак во законот е наведено кои и какви се тие мерки кои треба да ги преземат работодавачите за да ја исполнат оваа законска обврска. Доколку оваа обврска не се почитува според законот, предвидена е парична казна во висина од 15.000 евра за правното лице-работодавачот. Доколку работодавачот е физичко лице, таа изнесува 10.000 евра. Исто така се казнува и директорот односно друго одговорно лице кај работодавачот со глоба во износ од 7.000 евра.

Вредно е да се спомене дека Република Македонија во 2010 година го усвои Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој претставува lex generalis во однос на сите други закони во однос на третманот на различните видови дискриминација. Во него сексуалното вознемирување[14] е дефинирано на идентичен начин како и во работното законодавство. За заштита од дискриминација согласно со овој закон се формира Комисија за заштита од дискриминација, која има својство на правно лице. Комисијата има прилично широки надлежности, од кои најважни се: постапување по претставки, давање мислења и постапување за индивидуални случаи на дискриминација; иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи; давање препораки на државните органи за преземање мерки за остварување на еднаквоста; давање мислења за предлози на закони значајни за заштита од дискриминација; вршење промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминација и др.

Останува дилемата за координирањето односно несовпаѓањето на мандатот и постапувањето на оваа Комисија со механизмите за заштита од дискриминација, воспоставени со претходно донесените закони како што е оној за еднакви можности на жените и мажите и работното законодавство.

[13] Член 43, став 2 од Законот за работни односи, Службен весник бр. 16 од 5 февруари, 2010 година.
[14] Чл. 7 од Законот.

*„Бев вработена во претпријатие во приватна сопственост во Република Македонија. Во него сите вработени во секој поглед беа малтретирани од страна на претпоставените. Претпоставениот на мојот оддел честопати не задржуваше на работа, иако реално немаше потреба од тоа. Неостанувањето подолго од работното време значеше дека ќе бидеме санкционирани. Исто така, доколку имавме гости потребно беше навечер да излегуваме на деловни вечери со нив, кои секако не беа ни приближно поврзани со нашата работа. Мојот работен ангажман во ова приватно претпријатие беше многу краток односно зададените работни задачи ги завршував брзо, за разлика од останувањето по работното време кое имаше за цел да се приредува забава за гостите, која слободно би можела да ја наречам нивна придружба. Овие дружења беа исполнети со раскажување невкусни шеги, смеење и др., кои ниту одблизу не наликуваа на деловно работење. Значи, не стануваше збор за директно сексуално злоупотребување, меѓутоа слободно можам да кажам дека стануваше збор за воспоставување непрофесионални односи, каде што претпоставените ја користеа својата положба за лекување на своите фрустрации. Најневкусното од сѐ е тоа што доколку работодавецот наидеше на некакво негирање, веднаш се закануваше. А, заканата беше добро позната, бркање од работа.*

*Изложена на преголем притисок, како од работната околина така и од мојот сопруг, а не можејќи да го издржам непрофесионалниот однос спрема мене, ја напуштив работата.“ (Исказ на учесничка во фокус-група, поранешна вработена во приватен сектор.)*

## ИСТРАЖУВАЧКИ СОЗНАНИЈА ЗА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

### 1. ЗАСТАПЕНОСТ И ВИДОВИ СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Податоците од истражувањето укажуваат на ниско ниво на пријавување на сексуалното вознемирување во нашата земја односно од вкупно 809 испитанички, 138 пријавиле некој од видовите на сексуално вознемирување. Имено, процентуално искажано 17,1 % од испитаничките пријавиле дека претрпеле ваков вид вознемирување.

Во однос на застапеноста на одделните видови сексуално вознемирување, според очекуваното најзастапено е вербалното за разлика од другите видови сексуално вознемирување. Состојбата е следна: вербалното вознемирување е застапено со 92 % кај 127 испитанички; невербалното со 67,4 % кај 93 испитанички; физичкото со 51,44 % кај 71 испитанички и quid pro quo со 20,3 % кај 28 испитанички (види табела бр. 1). Како што може да се забележи од податоците испитаничките што пријавиле сексуално вознемирување, пријавиле дека се жртви на повеќе видови сексуално вознемирување. Во просек тие доживеале 2,31 различни видови сексуално вознемирување.

**Табела бр. 29. Пријавено сексуално вознемирување по видови**

| Видови сексулно вознемирување | број | % |
|---|---|---|
| Вербално сексуално вознемирување | 127 | 92 |
| Невербално сексуално вознемирување | 93 | 67,4 |
| Физичко сексуално вознемирување | 71 | 51,4 |
| Quid pro quo сексуално вознемирување | 28 | 20,3 |

#### *1.1. Вербално сексуално вознемирување*

Вербалното сексуално вознемирување е највисоко застапениот облик на сексуално вознемирување во нашата земја, односно 92% од испитаничките-жртви на сексуално вознемирување пријавиле изложеност на овој вид вознемирување.

**Табела бр. 30. Пријавено вербално сексуално вознемирување според подвид**

| | број | % |
|---|---|---|
| Вицови со сексуална содржина-конотација | 88 | 69,2 |
| Телефонски разговори со сексуални намери | 34 | 26,7 |
| Отворено искажување сексуални понуди | 51 | 40,1 |
| Инсистирања или покани за излегување на вечери и состаноци надвор од работно место | 64 | 50,3 |
| Коментари од сексуална природа за изгледот, облеката, телото, сексуалниот живот | 101 | 79,5 |
| Озборувања со сексуална содржина | 53 | 41,7 |
| Барања за облекување провокативна облека | 22 | 17,3 |

Вербалното сексуално вознемирување беше испитувано преку негово операционализирање низ повеќе дејства (подвидови, види табела бр. 2). Од одделните подвидови вербално сексуално вознемирување најзастапени се коментарите од сексуална природа за изгледот, облеката, телото и сексуалниот живот на работничките (79,5 %), по кој следат вицовите со сексуална содржина-конотација (69,2 %) и на трето место по застапеност се инсистирањата или поканите за излегување на вечери и состаноци надвор од работно место (50,3 %). Приближно подеднакво застапени се отвореното искажување сексуални понуди (40,1 %) и озборувања со сексуална содржина на работно место (41,7 %) како под видови на сексуалното вознемирување. Најмалку застапени се телефонски разговори со сексуални намери и барањата за облекување провокативна облека. Жртвите на овој вид сексуално вознемирување во просек биле изложени на 3,2 различни подвидови вербално сексуално вознемирување.

Испитувајќи го влијанието на одредени фактори како што се возраста, образованието, националноста, брачниот статус, вработеноста во одреден сектор и дејност, начинот на регулирање на работниот однос и годините на работен стаж врз појавата на одделните видови вознемирување, ги идентификуваме можните ризик-фактори за појавата на овој вид вознемирување. Значи, ја испитувавме застапеноста на жртвите на вербално сексуално вознемирување од вкупниот број испитанички по однос на наведените категории (фактори). Од добиените податоци може да се дефинираат повеќе ризик-фактори што можат да резултираат со појава на вербалното сексуално вознемирување. Така, во однос на возраста работничките од 15 до 24 години старост е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (34,3 %), по кој следат жените од 25 до 49 години (15,3 %). Според степенот на образование, на вербално сексуално вознемирување поизложени се жените со средно (21,7 %) и основно образование (18,9 %). Според брачниот статус, жените што се сами односно не со во врска (31,9 %) и оние што се разведени (24,3 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Во однос на националноста, жените од другите националности, односно Србинките (30,8%), Ромките (25 %) и Албанките (21 %) за разлика од жените со македонска националност (14,9%) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Според секторот во кој се вработени, оние што работат во приватниот сектор (18,2%) за разлика од јавниот сектор (10,6 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во угостителството (хотели и ресторани 43,1 %) и производството на електрична енергија, гас, вода (33,3 %) влијаат врз појавата на вербалното сексуално вознемирување. Непријавеното работа односно работата на црно (47,2 %) како и вработување по договор со определено време (22,8 %) придонесува за изложеноста на овој вид вознемирување. Во однос на работниот стаж, работниот стаж до 1 година (27 %) и работниот стаж од 1 до 5 години (22,1 %), исто така влијаат врз појавата на вербалното сексуално вознемирување.

### *1.2. Невербално сексуално вознемирување*

Невербалното сексуално вознемирување е втор облик на сексуално вознемирување по застапеност во нашата земја. Повеќе од две третини од жртвите на сексуално

вознемирување пријавиле дека биле изложени на овој облик на вознемирување (67,4 % од жртвите).

**Табела бр. 31. Пријавено невербално сексуално вознемирување според дејството**

| | број | % |
|---|---|---|
| Покажување еротски или порнографски слики и содржини | 16 | 17,2 |
| Пораки и писма со сексуална или провокативна содржина | 29 | 31,1 |
| Свиркање и безобразно набљудување | 75 | 80,6 |
| Сугестивни гестикулации | 54 | 58,0 |
| Следење и инвазија на приватноста | 36 | 38,7 |

Невербалното сексуално вознемирување беше операционализирано низ повеќе дејства за потребите на ова истражување. Податоците (види табела бр. 3) покажуваат на висока застапеност на свиркањето и безобразно набљудување, кое го пријавиле 80,6% од жртвите на овој вид вознемирување, по кое следат сугестивни гестикулации со 58,0%. На трето место по застапеност е следењето и инвазијата на приватноста на жртвата (38,7%) и приближно секоја трета пријавила дека примала пораки и писма со сексуална или провокативна содржина (31,1%). Најмалку застапено е покажувањето еротски или порнографски слики и содржини (17,2%).

Дел од испитаничките биле жртви на повеќе од едно дејство на овој вид вознемирување. Во просек секоја од испитаничките што пријавила дека претрпела невербално сексуално вознемирување, била изложена на 2,25 различни подвидови на овој вид вознемирување.

И кај овој вид вознемирување ги утврдивме можните ризик-фактори за негова појава. Го испитувавме влијанието на одредени фактори како што се возраста, образованието, националноста, брачниот статус, секторот и дејноста во која се вработени испитаничките, начинот на регулирање на нивниот работен однос и годините на работен стаж врз појавата на невербалното сексуално вознемирување. Всушност, ја испитувавме застапеноста на жртвите на невербално сексуално вознемирување од вкупниот број на испитанички во однос на наведените категории (фактори). Од добиените податоци може да се дефинираат повеќе фактори за ризик, кои можат да резултираат со појава на овој вид вознемирување. Така, работничките од 15 до 24 години старост е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (25 %), по кои следат жените од 25 до 49 години (10,9 %). Според степенот на образование, поизложени се жените со средно образование (15,8 %) и со основно образование (13,5 %). Според брачниот статус предничат жените што се сами односно не со во врска (26,4 %); оние што се во врска (19 %) и оние што се разведени (18,9 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Во однос на националноста, жените од другите националности односно Ромките (25 %), Србинките (23,1 %), и Албанките (19,8 %) за разлика од жените со македонска националност (10,4 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Вработеноста во приватниот сектор (13,1 %) за разлика од јавниот сектор (8,3 %) е фактор за ризик за појава на овој вид вознемирување. Во однос на вработеноста во

определени дејности, вработеноста во угостителството (хотели и ресторани 36,9 %) и во производството на електрична енергија, гас, вода (33,3 %) влијаат врз појавата на невербалното сексуално вознемирување. Фактори за ризик се и непријавената работа односно работата на црно (38,9 %) како и вработувањето по договор на определено време (18,5 %). Работниот стаж над 40 години (100 %); работниот стаж до 1 година (19,8 %) и работниот стаж од 1 до 5 години (15 %), исто така влијаат врз појавата на невербалното сексуално вознемирување.

### *1.3. Физички облици на сексуално вознемирување*

Трето по застапеност во нашата земја е физичкиот облик на сексуално вознемирување. Него го пријавила секоја втора испитаничка што изјавила дека е жртва на сексуално вознемирување (51,4 %). Овој вид вознемирување го испитувавме преку негово операционализирање од полесни подвидови на физичко сексуално вознемирување како што се присилните прегнувања и бакнувања, случајните физички контакти, па сѐ до потешките облици на нарушување на физичкиот интегритет на жртвата, како што се обидот за силување и силувањето.

Од различните подвидови на физичко сексуално вознемирување, најзастапени се „случајните" телесни допири, односно физички контакти (84,5 %). Две третини од жртвите на физичко сексуално вознемирување пријавиле дека биле изложени на прегнување спротивно на нивната волја (67,6 %), а секоја трета била бакната против нејзина волја (32,3 %). Според очекуваното најмалку пријавени се најтешките облици односно беше пријавен само еден случај на силување и три обиди за силување (види табела бр. 4).

Во просек жртвите што пријавиле дека биле изложени на физичкиот облик на сексуално вознемирување во просек претрпеле 1,91 различни подвидови на овој вид вознемирување.

**Табела бр. 32. Пријавено физичко сексуално вознемирување**

| **Пријавено физичко сексуално вознемирување** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Присилно прегрнување | 48 | 67,6 |
| Присилно бакнување | 23 | 32,3 |
| „Случајни" телесни допири | 60 | 84,5 |
| Обид за силување | 3 | 4,2 |
| Силување | 1 | 1,4 |

Фактори за ризик за појавата на физичкото сексуално вознемирување односно влијанието на одредени фактори како што се возраста, образованието, националноста, брачниот статус, секторот и дејноста во кои се вработени испитаничките, начинот на регулирање на нивниот работен однос и годините на работен стаж, се следните: работничките од 15 до 24 години старост е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (18,5 %), по кои следат жените од 25 до 49 години (7,8 %); според степенот на образование подеднакво се изложени жените со средно образование (10,8 %) и оние со основно образование (10,8 %); според брачниот статус, жените што се разведени (18,9 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување, по кои следат оние што се сами, односно не со во врска

(18,1 %), па оние што се во врска (18,1 %). Во однос на националноста, жените од другите националности односно Ромките (25 %) и Албанките (18,5 %) за разлика од жените со македонска националност (7,6 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Вработеноста во приватниот сектор (9,4 %) за разлика од јавниот сектор (7,2 %) е фактор за ризик за појава на овој вид вознемирување. Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во угостителството (хотели и ресторани 32,3 %) и во производството на електрична енергија, гас, вода (33,3 %) влијаат врз појавата на физичкото сексуално вознемирување. Фактор за ризик е непријавената работа односно работата на црно (30,6 %) и работниот стаж над 40 години (100 %) исто така влијае врз појавата на физичкото сексуално вознемирување. Процентите што се однесуваат на факторите за ризик ја претставуваат застапеноста на жртвите на физичко сексуално вознемирување во вкупниот број на испитанички за секој од наведените категории (фактори).

### *1.4. Сексуално вознемирување quid pro quo - „услуга за услуга“*

Најмалку застапено од сите видови на сексуално вознемирување е quid pro quo, односно сексуалното вознемирување “услуга за услуга“. Овој вид сексуално вознемирување го пријавила секоја петта жртва (20,3 %).

Овој вид сексуално вознемирување го испитувавме преку два подоблика, односно два модуса на извршување. Првиот е заканување за одредени неповолност доколку не се добие за возврат сексуална услуга и вториот, ветување за унапредување за возврат на сексуална услуга.

Според податоците, овој вид сексуално вознемирување почесто се манифестира во форма на ветувања, отколку закани. Па така, на прво место по застапеност се ветувањата за унапредување доколку се добие сексуална услуга за возврат. Овој подвид сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ го пријавиле 92,8 % од испитаничките. Втори по застапеност се заканите за одредени неповолности доколку работничката за возврат не обезбеди сексуална услуга, односно овој подвид го пријавила секоја втора испитаничка (57,1%) што пријавила дека била жртва на овој вид сексуално вознемирување (види табела бр. 5). Во просек жртвите на *quid pro quo или „услуга за услуга“* сексуално вознемирување биле изложени на 1,5 различни подвидови на овој вид вознемирување.

**Табела бр. 33. Пријавено *Quid pro quo (услуга за услуга)* сексуално вознемирување**

| Пријавено сексуално вознемирување | број | % |
|---|---|---|
| Закани за одредени неповолности доколку не се добие сексуална услуга за возврат | 16 | 57,1 |
| Ветувања за унапредување доколку се добие сексуална услуга за возврат | 26 | 92,8 |

Фактори за ризик за појавата на сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ односно влијанието на одредени фактори како што се возраста, образованието, националноста, брачниот статус, секторот и дејноста во кои се вработени испитаничките, начинот на регулирање на нивниот работен однос и

годините на работен стаж, се следни: работничките од 15 до 24 години старост е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување (7,4 %), по кои следат жените од 25 до 49 години (3,7 %); според степенот на образование подеднакво изложени се жените со више (5,3 %) и оние со средно образование (5 %); според брачниот статус, разведените жени (16,2 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување, по кои следат жените што се во врска (7,8 %). Во однос на националноста, жените од другите националности односно Ромките (25 %), Турчинките (7,1 %) и Албанките (4,9 %) за разлика од жените со македонска националност (3,2 %) е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Вработеноста во приватниот сектор (4,2 %) за разлика од јавниот сектор (1,9 %) е фактор за ризик за појава на овој вид вознемирување. Во однос на вработеноста во одредени дејности, вработеноста во угостителството (хотели и ресторани 12,3 %) и во сообраќајот, складирањето и врските (12,5 %) влијаат врз појавата. Непријавената работа односно работата на црно (11,1 %) и работниот стаж од 1 до 5 години (9,2 %) исто така влијаат врз појавата на овој вид сексуално вознемирување. Процентите што се однесуваат на факторите за ризик ја претставуваат застапеноста на жртвите на сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ во вкупниот број на испитанички за секој од наведените категории (фактори).

## 2. ЗАЧЕСТЕНОСТ НА СЕКСУАЛНОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Покрај застапеноста на сексуалното вознемирување и неговите подвидови за сериозноста на овој вид насилство врз жените говорат податоците за неговата зачестеност односно бројот на одделните настани на вознемирување на кои биле изложени жртвите. Од добиените податоци (види табела бр. 6) можеме да заклучиме дека жртвите се изложени на повеќекратно сексуално вознемирување односно повеќе од 40 % од жртвите пријавиле дека биле изложени од 3 до 10 пати на однесување на сексуално вознемирување. Секоја трета пријавила дека на ваков вид вознемирување била изложена еднаш до двапати, а секоја десетта изјавила дека била изложена од 11 до 20 пати на ваков вид вознемирување. Вреди да се спомене и податокот дека 5,8 % од жртвите изјавиле дека над 20 пати биле изложени на овој вид вознемирување.

**Табела бр. 34. Колку пати доживеале некој облик на сексуално вознемирување**

| **Број на сексуални вознемирувања** | % |
|---|---|
| Еднаш или двапати | 34,1 |
| Од 3 до 10 пати | 40,6 |
| Од 11 до 20 пати | 11,6 |
| Повеќе од 20 пати | 5,8 |
| Не можат да се сетат | 3,6 |
| Одбиваат да одговорат | 4,3 |

## 3. ПОСЛЕДЕН ИНЦИДЕНТ

Поаѓајќи од потребата за добивање на поконкретни и попрецизни податоци за сексуалното вознемирување кај испитаничките кои пријавиле дека се жртви на сексуално вознемирување ( 138 испитанички) предмет на истражување беше последниот инцидент на сексуално вознемирување кој тие го доживеале. Поконкретно во однос на последниот инцидент истражувавме за видот на сексуално вознемирување кој го доживеале при последниот инцидент, времето на случување и вршителот на вознемирувањето - вознемирувачот.

### 3.1. Застапеност на одделни видови (подвидови) сексуално вознемирување

Оттука, испитаничките ги прашавме за тоа кој од одделните подвидови сексуално вознемирување го доживеале во последниот инцидент. Жртвите на сексуално вознемирување пријавија дека претрпеле 346 поединечни дејства на сексуално вознемирување. Од нив при последниот инцидент најзастапено е вербалното сексуално вознемирување со 64,1 %, по кое следи физичкото со 20,8 % и невербалното сексуално вознемирување со 10,9 %. Најмалку застапено е сексуално вознемирување „услуга за услуга“ со 4,0 %.

Меѓу петте најзастапени различни подвидови сексуално вознемирување се наоѓаат следните (види табела бр. 7): четири однесувања-дејства на вербалното сексуално вознемирување (вицови со сексуална содржина-конотација; коментари од сексуална природа за изгледот, облеката, телото, сексуалниот живот; инсистирања или покани за излегување на вечери и состаноци надвор од работно место и отворено искажување сексуални понуди) и еден облик на физичко сексуално вознемирување („случајни“ физички допири). Од сите различни подвидови на сексуалното вознемирување, најмалку застапени се обидот за силување (три инциденти) и силувањето (еден инцидент) како физички облици на сексуално вознемирување.

Во последниот инцидент жртвите во просек биле изложени на 2,5 различни подвидови на сексуално вознемирување.

**Табела бр. 35. Пријавени подвидови сексуално вознемирување за време на последниот инцидент**

| Пријавено сексуално вознемирување | број | % |
|---|---|---|
| Вицови со сексуална содржина-конотација | 54 | 15,6 |
| Телефонски разговори со сексуални намери | 19 | 5,4 |
| Отворено искажување сексуални понуди | 28 | 8,0 |
| Инсистирања или покани за излегување на вечери и состаноци надвор од работно место | 38 | 10,9 |
| Коментари од сексуална природа за изгледот, облеката, телото, сексуалниот живот | 48 | 13,8 |
| Озборувања со сексуална содржина | 14 | 4,0 |
| Барања за облекување провокативна облека | 5 | 1,4 |
| Покажување еротски или порнографски слики и содржини | 8 | 2,3 |
| Пораки и писма со сексуална или провокативна содржина | 8 | 2,3 |
| Свиркање и безобразно набљудување | 24 | 6,9 |
| Сугестивни гестикулации | 7 | 2,0 |
| Следење и инвазија на приватноста | 7 | 2,0 |
| Присилно прегрнување | 22 | 6,3 |
| Присилно бакнување | 15 | 4,3 |
| „Случајни“ телесни допири | 31 | 8,9 |
| Обид за силување | 3 | 0,8 |
| Силување | 1 | 0,2 |
| Закани за одредени неповолности доколку не се добие сексуална услуга | 6 | 1,7 |
| Ветувања за унапредување доколку се добие сексуална услуга за возврат | 8 | 2,3 |

### 3.2. Време на случување на последниот инцидент

Прашани за времето на случување на последниот инцидент на сексуално вознемирување испитаничките-жртви во над две третини, односно 68,8 % пријавиле дека ваков вид вознемирување доживеале во последните 12 месеци, а 15,9 % дека ваков вид вознемирување доживеале во последните една до пет години. Со други зборови најзастапено е актуелното насилство, односно сексуалното вознемирување што се случило во последната година (види табела бр. 36).

**Табела бр. 36. Време на случување на последниот инцидент на сексуално вознемирување**

| Време на случување | % |
|---|---|
| Во последните 12 месеци | 68,80 |
| Помеѓу 1 и 5 години | 15,90 |
| Помеѓу 6 и 10 години | 4,30 |
| Помеѓу 10 и 20 години | 1,40 |
| Не можат да се сетат | 2,90 |
| Одбиваат да одговорат | 6,50 |
| **Вкупно** | **100** |

## 3.3. Профил на вршителот (вознемирувачот) на сексуално вознемирување

Од посебно значење во справувањето со овој вид насилство врз жените е и профилот на вознемирувачот, односно вршителот на овој вид вознемирување.

Во насока на утврдување на профилот на вршителот на овој вид вознемирување, испитаничките ги прашавме за повеќе карактеристики од кои профилот може да се дефинира како што се работна позиција на вршителот, неговиот работен стаж, полова припадност, возраст, национална припадност, ниво на образование и брачна состојба. Следи обработка на податоците по одделни карактеристики што беа предмет на наште истражување.

Од анализата на податоците што ги добивме од жртвите на сексуално вознемирување односно податоците за последниот инцидент, профилот на вршител на сексуално вознемирување во нашата земја може да се дефинира на следниот начин: тој е маж на возраст од 31 до 40 години, оженет, со завршено средно образование, а по национална припадност е Македонец. Во најголем број на случаи вработен е на иста работна позиција како и жртвата и работел од 1 до 10 години во таа работна организација.

Тоа значи дека во улога на вршител на сексуално вознемирување (последен инцидент) во нашата земја најчесто се јавуваат колегите што се на иста работна позиција како и жртвата. Вака се изјасниле над една третина од жртвите на овој вид вознемирување. На второ место како вршители се јавуваат директно претпоставените односно секоја петта жртва пријавила сексуално вознемирување извршено од нивна страна и она што е особено значајно е податокот дека како вршители се јавуваат и странките-клиентите. Последните се јавуваат како вршители во 14,5 % на случаи и се трети по застапеност. Другите работни позиции, односно места на кои се вработени вршителите се далеку помалку застапени во однос на наведените категории (види табела бр. 9).

**Табела бр. 37. Вршител на сексуално вознемирување**

| Вршител на сексуално вознемирување | % |
|---|---|
| Колега-колешка на иста позиција | 36,2 |
| Директно претпоставен,-а раководител | 18,1 |
| Второпретпоставен раководител | 5,1 |
| Директор | 15,2 |
| Подреден-подредена на пониска работна позиција | 0,7 |
| Странка-клиент | 14,5 |
| Пациент | 2,2 |
| Друг | 0,7 |
| Одбиваат да одговорат | 7,2 |
| **Вкупно** | **100** |

Сакајќи да го утврдиме профилот на вршителот (последен инцидент) во однос на тоа колку долго работел во работната организација, ги добивме следните податоци. Од одговорите на жртвите може да се извлече заклучокот дека вработените со стаж во работната организација до 1 година и оние со стаж над 30 години во работната организација е помалку веројатно да се јават во улога на вршители на сексуално вознемирување. Имено, од одговорите на жртвите може да се заклучи дека вршителите се приближно подеднакво застапени во две категории лица, односно во лица со шест до 10 години стаж во работната организација (29,6 %) и од една до пет години стаж во работната организација (20,9 %). Вредно е да се спомене дека секоја петта жртва не можела да ги посочи годините на вработеност, односно должината на работниот стаж на вршителот во работната организација (21,7 %), што исто така треба да се земе предвид во толкувањето на податоците. Секоја десетта жртва изјавила дека како вршител се јавило лице што има работен стаж од 11 до 20 години (12,2 %) во работната организација.

Во улога на вршители на сексуално вознемирување во нашата земја се јавуваат мажите (93,3 %). Другиот дел од извршителите се жени, односно во 6,7 % од пријавените случаи на сексуално вознемирување како вршители се јавуваат жените.

Податоците за возраста на вршителот на последниот инцидент на вознемирување покажуваат дека тие се најмногу застапени во возрасната група од 31 до 40 години старост. Приближно половина од пријавеното сексуално вознемирување било извршено од страна на вршители од оваа возрасна група. На второ место се вршителите од возрасната група од 41 до 50 години (27,1 %) односно во една третина тие ги извршиле пријавените акти на сексуално вознемирување. Секоја петта жртва пријавила дека овој вид вознемирување го извршиле лица од возрасната група 20 до 30 години. Од податоците може да се заклучи дека лицата под 20 години и лицата над 51 година старост ретко се јавуваат како вршители на овој вид вознемирување.

Во однос на националноста во последниот инцидент во улога на вршители на сексуално вознемирување најмногу се застапени лица од македонска национална припадност (78,8 %). Далеку под нив застапени се припадниците на албанска национална припадност со 13,9 %. Еден случај на вршител од друга националност (националност поинаква од оние што се наведени во табелата) е пријавен и тоа вршител со грчка национална припадност. Овој податок не изненадува, ако се знае

дека поради блискоста со Република Грција, нашата земја се смета за поволно место за инвестирање од страна на грчките инвеститори.

Според степенот на образование вршителите на последниот инцидент се најчесто лица со завршено средно (34,3 %) и високо образование (25,5 %).

Според брачниот статус вршителот на последниот инцидент на сексуално вознемирување најчесто е оженет (54 %). Доколку ги исклучиме жртвите што не знале каков е брачниот статус на вознемирувачот (20,4 %), втори по застапеност се вршителите што се самци (10,2 %).

## 4. РЕАКЦИЈА НА ЖРТВАТА НА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Начинот на реагирање на жртвите на сексуално вознемирување има огромно значење за дефинирање на стратегијата за одговорот спрема оваа појава. Податоците за начинот на реагирање на жртвите во нашата земја ќе овозможи идентификување на слабите страни во справување со овој вид насилство и утврдување на потребните мерки и активности за решавање на случаите на сексуално вознемирување.

Од одговорите на жртвите може да се заклучи дека жртвите на овој вид вознемирување во висок процент реагирале на доживеаното вознемирување односно преземале нешто за прекинување на вознемирувањето. Само една жртва го игнорирала сексуалното вознемирување. Односно две третини (60,9 %) од жртвите реагирале, а 39,1 % од жртвите не реагирале односно не презмале ништо во однос на доживеаното насилство.

Овој не многу низок процент на жртви што не реагирале на доживеаното сексуално вознемирување се должи на повеќе причини. Отсуството на реакцијата во суштина е резултат на комбинирани причини односно на повеќе од подолу наведените причини за нереагирање. Најчесто отсутвото на реакција се должи на мислењето на жртвата дека вознемирувањето не е сериозно и поради тоа нема потреба да се преземе нешто за негово решавање. Вака сметаат 44,4 % од жртвите што не реагирале. Во речиси еднаков процент нереагирањето се должи на стравот од губење на работното место (27,7 %), по кое следи срамот (24 %) и стравот од обвинување дека таа - жртвата го предизвикала сексуалното вознемирување (20,3 %). Како една од причините се јавува мислењето односно уверувањето на жртвите дека никој не може да стори ништо во однос на ова прашање. Ова е основа за нереагирање во 14,8 % случаи.

Рекцијата на жртвата спрема вознемирувањето за потребите на ова истражување ја класифицираме во три поткатегории и тоа: лична реакција-интервенција, неформална реакција и формална реакција на жртвата. Под лична реакција на жртвата се подразбира одреден вид реакција што резултирала со прекинување на сексуалното вознемирување. Односно, жртвата со одредено дејство или однесување со кое му се става на знаење на вознемирувачот дека треба да запре вознемирувањето. Неформалната реакција, пак, подразбира барање на помош од страна на сопругот, пријателите и колегите во решавање на состојбата, а формалната реакција подразбира барање помош од одговорни и професионални лица што имаат манадат за постапување во решавање на случаите на сексуално вознемирување.

Од изјавите на оние што реагирале за доживеаното насилство (сексуално вознемирување) може да се заклучи дека жртвите на сексуално вознемирување во нашата земја без исклучок лично реагирале на овој вид вознемирување односно му ставиле на знаење на вознемирувачот дека сексуалното вознемирување треба да престане. Висок е процентот и на оние што побарале неформална помош и поддршка од сопругот, пријателите и колегите. За разлика од првите два вида реакција само една третина од жртвите што реагирале се обратиле или официјално го пријавиле сексуалното вознемирување во институциите, организациите со цел негово решавање (види табела бр. 10). Овој низок степен на официјална реакција укажува на потребата од детална анализа на постоечките ситеми за заштита од овој вид насилство односно постоечките механизми и начинот на нивно постапување, кои поради ограничените можности на ова истражување не беа предмет на наше

истражување. Само преку анализа на постапувањето на институциите и организациите што имаат мандат за постапување, може да се утврдат потребите за менување или надополнување на системот за заштита, а во насока на обезбедување на соодветна и навремена заштита од овој вид насилство.

**Табела бр. 38. Реакција на жртвата**

| Вид реакција на жртвата | жртви | % |
|---|---|---|
| Вична реакција-интервенција | 84 | 100 |
| Неформална реакција | 75 | 89,2 |
| Формална реакција | 26 | 30,9 |

Жртвите на сексуално вознемирување во запирање на сексуалното вознемирување користеле повеќе од еден начин за негово решавање. Во просек жртвите користеле 2,2 различни видови реакции.

### *4.1. Лична реакција - интервенција*

Личната реакција (интервенција) на жртвата за потребите на ова истражување беше операционализирана низ повеќе дејства (однесувања) што жртвата ги преземала при решавање на состојбата односно запирање на вознемирувањето.

Како што може да се воочи од податоците презентирани подолу за начинот на лично реагирање (види табела бр. 11), од повеќето дејства и начини на однесување најчесто му се спротивставиле односно побарале од вознемирувачот да запре вознемирувањето (88,1 %). По овој вид реакција, втора по застапеност е личната реакција на избегнување на вознемирувачот од страна на жртвата (66,7 %) и трета по ред е личната реакција изразена во вид закана за пријавување на вознемирувањето, доколку вознемирувачот не запре со насилството (52,4 %). За разлика од овие три вида лична реакција, другите видови се помалку застапени односно помалку применувани од страна на жртвите. Жртвите преземале повеќе дејства или на повеќе од еден начин на однесување му ставиле на знаење на вознемирувачот да запре со насилството односно во просек секоја жртва применила 2,9 различни видови лична реакција.

**Табела бр. 39. Видови лична реакција на жртвата на сексуално вознемирување**

| Видови лична реакција | % |
|---|---|
| Барање да престане вознемирувањето (спротивставување) | 88,1 |
| Физичко спротиставување (оттргнување од извршителот) | 29,8 |
| Закана за пријавување на вознемирувањето | 52,4 |
| Избегнување на вршителот на вознемирувањето | 66,7 |
| Обид да ги одржи добрите работни односи со вршителот на вознемирување | 26,2 |
| Одговор со хумор | 25 |
| Напуштање на работното место | 3,6 |

Личната реакција кај една третина од жртвите резултирала со негово прекинување (32,1 %), но кај една тертина (39,2 %) не предизвикала никаков ефект.

### *4.2. Неформална реакција*

Реакцијата на жртвата изразена преку барање помош и поддршка на жртвата од страна на нејзиното социјално опкружување ја претставува таканаречената неформална реакција. Имено, со овој вид реакција жртвата го проширува кругот на лицата што се запознаени со насилството и можат да помогнат во негово запирање.

Жртвите на сексуално вознемирување во нашата земја се чини дека помошта и поддршката за решавање на состојбата (види табела бр. 12) во која се наоѓаат најмногу ја бараат од своите пријатели (88%), а потоа од своите колеги (60%). Најмалку оваа помош и поддршка жртвите ја побарале од својот сопруг (26,6 %). Помош и поддршка жртвите бараат од повеќе лица во своето приватно и работно опружување односно во просек користеле 1,7 различни видови на неформална реакција.

**Табела бр. 40. Видови неформална реакција на жртвата на сексуално вознемирување**

| Видови неформална реакција | % |
|---|---|
| Разговарала со колегите | 60 |
| Разговарала со сопругот | 26,6 |
| Разговарала со пријателите | 88 |

Покрај видот на неформалананата реакција што жртвата го преземала, нѐ интересираше и рекацијата на оние од кои жртвата побарала помош и поддршка во решавање на состојбата. Во најголем број случаи опкружувањето покажало разбирање на состојбата во која се наоѓа жртвата и притоа дале помош и поддршка на жртвата (85,30 %). Во исклучително низок степен тие изразиле неразбирање и ја осудиле жртвата (1,30 %). Вредно е да се спомене дека дел од оние што разговарале со жртвата и покрај тоа што изразиле разбирање, сепак ја „посоветувале“ жртвата да се повлече и да молчи (8,00 %).

### *4.3. Формална реакција*

Формалната реакција, која подразбира иницирање на одредена постапка што резултира во официјална реакција, за потребите на нашето истражување беше дефинирана во согласност на домашното законодавство односно мандатот и улогата на одредени институции, органи и организации за постапување по овој вид вознемирување.

Пријавувањето на сексуалното вознемирување кај работодавачот е најчесто користена формална реакција (76,92 %) од страна на жртвите во нашата земја. Другите видови формална реакција (види табела бр. 13) се далеку помалку застапени (користени). Така, овој вид вознемирување е пријавен во полиција од страна на 26,92 % од жртвите; во синдикат од 11,53 % на жртвите и во трудова инспекција од страна на 15,38 % од жртвите. Според изјавите на жртвите во однос на видот на формална

реакција која ја преземале, би сакале со резерва да ги прифатиме податоците што се однесуваат на иницирање на судска постапка за надомест на штета од доживено сексуално вознемирување, бидејќи таков вид постапки, односно постапки за докажување на дискриминација сè уште не се иницирани во нашата земја. Претпоставуваме дека под овој вид формална реакција жртвите пријавиле случаи на иницирање на судска заштита на своите права, а не и надомест на штета во случај на дискриминација.

Како и кај другите видови реакција, и кај формалната жртвите користеле повеќе од еден начин односно во просек 1,5 различни видови формална реакција.

Табела бр. 41. Видови формална реакција на жртвата на сексуално вознемирување

| **Видови формална реакција** | % |
|---|---|
| Пријава во синдикатот | 11,5 |
| Пријава до работодавачот | 76,9 |
| Пријава во трудовата инспекција | 15,3 |
| Судска постапка за надомест на штета за дискриминација на работното место (полово вознемирување) | 19,2 |
| Пријава во полиција | 26,9 |

Повеќето од жртвите изразиле задоволство од постапувањето на наведените институции, органи и организации по пријавеното сексуално вознемирување. Вака се изјасниле 64 % од жртвите, а една третина (28 %) изразиле незадоволство од нивното постапување. Според изјавите на жртвите, незаинтересираноста и непреземањето потребни дејства од страна на наведените институции, органи и организации, се причините за изразеното незадоволство од нивното постапување.

## 5. ПОСЛЕДИЦИ ОД СЕКСУАЛНОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Сексуалното вознемирување може да има сериозни негативни последици врз физичкото и менталното здравје на жртвата, но и врз нејзината финансиска состојба. Тоа исто така негативно влијае врз работодавачите, но и врз пошироката општа јавност. За можните последици врз здравјето на жртвата детално ќе говориме подолу во рамките на овој дел од анализата, кои ни беа примарен предмет на истражување. Вознемирувањето влијае и врз работната околина (атмосфера) односно на ставот и начинот на однесување на колегите. Секако, овој вид вознемирување влијае и на работодавачот, односно може да резултира со намалување на продуктивноста, флуктуација на вработените, трошоци поврзани со користење на боледување или други трошоци што се јавуваат како резултат на вознемирувањето. И на крај, да не го заборавиме влијанието на овој вид насилство врз општествениот и врз економскиот живот. Имено, постоењето на овој вид вознемирување влијае врз засилување и опстојување на родовата нееднаквост, влијае врз вработувањето и продуктивноста, но исто така влијае и врз животот на семејствата и социјалното опкружување на жртвата.

Последиците, односно влијанието на сексуалното вознемирување за потребите на нашето истражување ги поделивме во две категории. Односно - на последици врз здравјето и приватниот живот на жртвата и на последици врз професионалната кариера, вклучувајќи го и влијанието врз работната способност на жртвите.

### 5.1. Последици за здравјето и приватниот живот на жртвите

За сериозноста на сексуалното вознемирување во нашата земја зборуваат податоците за неговото влијание врз здравјето и приватниот живот на жртвите. Повеќе од две третини од жртвите пријавиле дека имале емоционални и психолошки последици (71,7 %), а 66,6 % од жртвите почувствувале низа психосоматски нарушувања како резултат на претрпеното насилство. Покрај последиците за физичкото и менталното здравје, на приближно половина од жртвите (47,1 %) им бил нарушен приватниот живот како резултат на сексуалното вознемирување.

#### *5.1.1. Емоционални и психолошки последици*

Повеќе од две третини од жртвите на сексуално вознемирување (71,7 %) пријавиле дека се соочиле со емоционални и психолошки последици како резултат на доживеаното насилство.

Најчестите емоционални и психолошки последици (види табела бр. 14) со кои се соочуваат жртвите на сексуално вознемирување се нервозата (58,5 %), понижувањето (55,5 %), чувството на лутина (43,4 %) и стравот (40,4 %). По нив следат недовербата, чувството на беспомошност и чувството на несигурност. Вредно е да се спомене дека секоја десетта жртва западнала во депресија како резултат на претрпеното на насилство (11,1 %).

**Табела бр. 42. Емоционални и психолошки последици како резултат на сексуалното вознемирување**

| Емоционални и психолошки последици | % |
|---|---|
| Недоверба | 21,2 |
| Страв | 40,4 |
| Лутина | 43,4 |
| Пониженост | 55,5 |
| Несигурност | 21,2 |
| Беспомошност | 16,1 |
| Нервоза | 58,5 |
| Депресија | 11,1 |
| Друго | 1 |
| Одбиваат да одговорат | 3 |

Повеќето од жртвите претрпеле повеќе од една последица или нарушување. Во просек жртвите претрпеле 2,6 различни емоционални и психолошки последици како резултат на вознемирувањето.

***5.1.2. Психосоматски симптоми***

Две третини од жртвите (66,6 %) почувствувале психосоматски нарушувања како резултат на претрпеното насилство (види табела бр. 15). Главоболката (75 %) и проблемите со спиењето (46,7%) се најчестите симптоми што тие ги почувствувале. Претрпеното сексуално вознемирување кај една од жртвите резултирала со помисла на самоубиство (1 %).

**Табела бр. 43. Психосоматски симптоми како резултат на сексуално вознемирување**

| Психосоматски симптоми | % |
|---|---|
| Болка во мускулите, болки во вратот и во грбот | 17,3 |
| Главоболка | 75 |
| Проблеми со спиењето | 46,7 |
| Зголемено срцебиење и проблеми со срцето | 23,9 |
| Помисла на самоубиство | 1 |
| Стомачни болки | 17,3 |
| Одбиваат да одговорат | 5,4 |

Во просек жртвите почувствувале 1,8 различни психосоматски симптоми како резултат на сексуалното вознемирување.

***5.1.3. Нарушување на приватниот живот***

Покрај последиците за физичкото и за менталното здравје, сексуалното вознемирување влијае врз приватниот живот на жртвите односно резултира во

негово нарушување. Приближно половина (47,1%) изјавиле дека им се нарушил приватниот живот како резултат на сексуалното вознемирување. Нарушувањето на приватниот живот на жртвите најчесто е изразено преку тензии во приватниот живот (83%). Непријателски чувства спрема другите, изолирање од средината и одбивност или страв од физички допир се исто така последици со кои жртвите се соочиле како резултат на вознемирувањето (види табела бр. 16).

**Табела бр. 44. Нарушување на приватниот живот како резултат на сексуално вознемирување**

| Нарушување на приватниот живот | % |
|---|---|
| Тензии во приватниот живот | 83,07 |
| Непријателски чувства спрема другите | 26,15 |
| Изолирање од другите | 26,15 |
| Оддалечување од блиските | 12,30 |
| Одбивност или страв од физички допир | 21,53 |
| Одбиваат да одговорат | 10,76 |

За сериозноста на последиците и степенот на нарушување на здравјето на жртвите како резултат на сексуално вознемирување говори податокот за побарана помош. Над половина (57,2 %) од жртвите побарале некаков вид помош или самите се обиделе да се справат со последиците на сексуалното вознемирување. Она што е можеби индикативно е што пред другиот дел од жртвите одбиле да одговорат како се справиле со последиците. Самоиницијативното земање на лекови е најчесто користениот механизам за справување со сексуалното вознемирување на жртвите (73,4 %). Секоја петта жртва побарала медицинска помош (20,2 %), а секоја десетта (13,9 %) користела боледување.

### 5.2. Последици врз професионалната кариера

Сексуалното вознемирување негативно влијаело и врз професионалната кариера односно работните задачи (ангажман) и работниот статус на жртвите во нашата земја. Исто така, вознемирувањето ја намалило работната способност на жртвите. За ова говори податокот според кој 40,5 % од жртвите пријавиле негативно влијание од претрпеното вознемирување. Другите 59,4 % од жртвите, се изјасниле дека тоа немало никакво влијание.

Негативното влијание врз професионалната кариера и работниот ангажман на жртвите е видливо преку следните последици: намалување на платата (23,2 %), зголемување на работните обврски (17,8 %) и намалување на работните задачи (13,8 %) како резултат на насилството. Влијанието врз работниот статус се потврди преку изјавите на дел од жртвите, кои не можејќи да се справат со вознемирувањето односно не можејќи да најдат некое друго решение, биле принудени да дадат отказ (една жртва), а шест жртви самоиницијативно дале отказ.

Дел од жртвите се соочиле со изолирање (14,2 %) и неосновано критикување (30,3 %) од страна на нивните колеги. Сето ова придонесува за губење на мотив за работа кај жртвите на сексуално вознемирување, а со тоа и намалување на нивната продуктивност. Дека овој вид вознемирување се одразува врз работната способност

на жртвите, потврдуваат следните податоци. Повеќе од две третини од жртвите на сексуално вознемирување (67,3 %) се изјасниле дека им била намалена работоспособноста како резултат на претрпеното насилство; односно 68,8 % од жртвите пријавиле неспособност за концентрација; 34,4 % пријавиле намалување на можноста за разумно размислување; 29 % намалување на продуктивноста и 18,2 % од жртвите пријавиле намалување на способноста за расудување и решавање на проблеми.

## 6. ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА ВРЗ ПОЈАВАТА НА ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Професионалните карактеристики на работните организации како што се бројот на вработените и половата структура на вработените, во досегашните истражувања на ова прашање се покажале како фактори што влијаат врз појавата на овој вид вознемирување. Организациската култура во однос на третманот на овој вид вознемирување, како што се развиеноста на одредени прописи и постапки, праксата на водење грижа за заштита на правата на работниците и застапеноста на жените и мажите на раководни позиции, исто така влијаат врз појавата на овој вид насилство. Оттаму, предмет на наше истражување беше влијанието на овие два фактора врз појавата на одделните видови сексуално вознемирување во нашата земја. Подолу презентираните податоци се добиени со утврдување на застапеноста на жртвите на одделните видови сексуално вознемирување во вкупниот број испитанички по секој од подолу наведените поткатегории на професионални карактеристики и организациска култура.

### 6.1. Професионални карактеристики

Појавата на одделните видови сексуално вознемирување зависи од тоа дали нивните организации се ***организации во кои има вработено повеќе мажи или жени, или пак, мажите и жените се подеднакво застапени во вкупниот број на вработени***. Од добиените податоци може да се заклучи дека сексуалното вознемирување е повеќе застапено во организации во кои повеќето од вработените се мажи, за разлика организациите во кои повеќето од вработените се жени. Овој вид вознемирување најмалку е застапено во организации во кои мажите и жените се поденакво застапени во вкупниот број на вработени.

Какво е влијанието на оваа професионална карактеристика врз појавата на одделните видови на сексуално вознемирување, може да се согледа од следните податоци.

Вербалното сексуално вознемирување почесто се јавува во работни организации во кои повеќе од вработените се мажи (22,2 %) за разлика од појавата во организации во кои повеќе од вработените се жени (17,1 %). Овој вид вознемирување најмалку е застапено во организации во кои подеднакво се вработени и мажите и жените (9,7 %).

Невербалното сексуално вознемирување е најмногу застапено во работни организации во кои повеќе од вработените се мажи (18,1 %), по кој следат организации во кои повеќе од вработените се жени (12 %). Овој вид вознемирување најмалку е застапено во органаизации во кои подеднакво се вработени и мажи и жени (6,6 %).

Физичките облици на сексуално вознемирување најмногу се застапени во работни организации во кои повеќе од вработените се мажи (16,7 %), а потоа во организации во кои повеќе од вработените се жени (8,8 %). Најмалку се застапени во организации во кои подеднакво се вработени и мажи и жени (4,3 %).

Сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ најмногу е застапено во работни организации во кои повеќе од вработените се мажи (8,3 %), по кои следат организации во кои повеќе од вработените се жени (2,9 %). Најмалку пак е застапено во организации во кои подеднакво се вработени и мажи и жени (1,6 %).

***Големината на работната организација мерена по вкупниот број на вработени во работните организации*** од добиените податоци не укажа на унифициран начин на влијание врз појавата на одделните видови сексуално вознемирување. Па така, вербалното и невербалното сексуално вознемирување почесто се застапени во организации што имаат до 30 вработени, па потоа во организации со најмногу 10 вработени и организации со повеќе од 100 вработени. За разлика од овие два вида сексуално вознемирување, физичкото најчесто се јавува во организации што имаат до 30 вработени, по кои следат организациите со над 100 и до 100 вработени. Сексуалното вознемирување „услуга за услуга" најчесто се јавува во организации што имаат до 50 вработени, по кои следат организациите со најмногу 30 вработени.

Вербалното сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации што имаат најмногу 30 вработени (21,8 %). Потоа се јавува во организации со најмногу 10 вработени (18,3 %), организации со над 100 вработени (16,1 %) и организации со најмногу 50 вработени (11,3%). Најмалку се јавува во организации што имаат до 100 вработени (5,6 %).

Невербалното сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации што имаат до 30 вработени (16,8 %), по кои следат организации со најмногу 10 вработени (14,9 %). Нешто помалку е застапено во организации со повеќе од 100 вработени (8,9 %) и организации со најмногу 50 вработени (6,9 %). Најмалку е застапено во организации со најмногу 100 вработени (4,5 %).

Физичкото сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации што имаат до 30 вработени (14,1 %). Помалку е застапено во организации со над 100 вработени (9,8 %), во организации со најмногу 10 вработени (8,9 %) и во организации со до 50 вработени (5 %). Најмалку е застапено во организации со до 100 вработени (2,2 %).

Сексуалното вознемирување „услуга за услуга" најмногу е застапено во организации што имаат до 50 вработени (4,4%), организации со најмногу 30 вработени (4,1%) и организации со до 10 вработени (3,5%). Нешто помалку застапено е во организации со над 100 вработени (2,7%) и организации со до 100 вработени (2,2%).

### 6.2. Организациска култура

***Организациите што немаат развиено прописи и постапки и не преземаат ништо во однос на третирањето на оваа појава*** се организациите во кои најчесто се јавува сексуалното вознемирување во нашата земја. По нив следат организациите кои немаат развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира. Оттука, можеме да заклучиме дека развивањето на прописи и постапки за третирање на оваа појава како и имањето јасен став во однос на нетолерирањето на овој вид вознемирување, имаат пресудно значење во понатамошниот третман на оваа појава.

Вербалното сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации што немаат развиено прописи и постапка и не се презема ништо во однос на третманот на оваа појава (28,9 %); па потоа во организации во кои нема развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира (10,3 %) и најмалку е застапено во организации што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаите на сексуално вознемирување (8 %).

Невербалното сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации во кои нема развиено прописи и постапка и не презема ништо во однос на третманот на оваа појава (22,9 %), па во организации што немаат развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира (7,6 %) и најмалку во организации што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаите на сексуално вознемирување (4,5 %).

Физичкото сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации што немаат развиено прописи и постапка и не преземаат ништо во однос на третманот на оваа појава (15,4 %), па во организации што немаат развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира (6,5 %) и најмалку во организации што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаите на сексуално вознемирување (3,4 %).

Сексуалното вознемирување „услуга за услуга" најмногу е застапено во организации што немаат развиено прописи и постапка и не презема ништо во однос на третманот на оваа појава (10 %), па во организации што немаат развиено прописи и постапка, но постои став дека овој вид вознемирување не се толерира (1,1 %) и најмалку во организации што имаат развиено прописи и постапка за третирање на случаите на сексуално вознемирување (0,6 %).

***Грижата за вработените односно политиката на организацијата за заштита и остварување на правата на своите вработени*** влијае врз појавата на сексуалното вознемирување. Организациите што не водат грижа за работниците и не обезбедуваат соодветна заштита, според податоците влијаат врз степенот на застапеноста на одделни видови сексуално вознемирување во нашата земја. Сите одделни видови вознемирување се најчесто застапени токму во ваков вид организации.

Вербалното сексуално вознемирување повеќе е застапено во организации што не водат грижа за работниците и не обезбедуваат соодветна заштита (26,3%). Помалку е застапено во организации што водат грижа за остварување на правата на работниците и нивна заштита доколку дојде до прекршување (7,9 %).

Невербалното сексуално вознемирување повеќе е застапено во организација што не води грижа за работниците и не обезбедува соодветна заштита (21,2%). Помалку е застапено во организациите што водат грижа за остварување на правата на работниците и нивна заштита доколку дојде до прекршување (4,2%).

Физичкото сексуално вознемирување повеќе е застапено во организациите што не водат грижа за работниците и не обезбедува соодветна заштита (13,8%). Помалку е застапено во организации кои водат грижа за остварување на правата на работниците и нивна заштита доколку дојде до прекршување (4,2%).

Сексуалното вознемирување „услуга за услуга" повеќе е застапено во организации што не водат грижа за работниците и не обезбедува соодветна заштита (9,2%). Помалку е застапено пак во организации што водат грижа за остварување на правата на работниците и нивна заштита доколку дојде до прекршување (0,7%).

Кој се наоѓа на ***раководни позиции во организацијата*** односно дали се тоа жените или мажите влијае врз појавата на одделните видови на сексуално вознемирување. Сите видови на сексуално вознемирување во нашата земја се најчесто застапени во организации во кои на повеќето раководни позиции се наоѓаат мажи.

Вербалното сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации во кои на повеќето раководни позиции се наоѓаат мажи (21,4 %). Далеку помалку е

застапено во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (12,3 %). Најмалку е застапено во организации во кои на повеќето раководни позиции се наоѓаат жени (6,8 %).

Невербалното сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации во кои на повеќето раководни позиции се наоѓаат мажите (16,3 %). Далеку помалку е застапено во организации во кои мажите и жените подеднакво се застапени на раководни позиции (9,4 %). Најмалку пак во организации во кои жените се наоѓаат на повеќето раководни позиции (2,1 %).

Физичкото сексуално вознемирување најмногу е застапено во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (12,8 %). Помалку е застапено во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (7,5 %). Најмалку е застапено во организации во кои жените се наоѓаат на повеќето раководни позиции (1,6 %).

Сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ најмногу е застапено во организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции (5,6 %). Помалку е застапено во организации во кои мажите и жените се подеднакво застапени на раководни позиции (2,4 %). Најмалку, пак, е застапено во организации во кои жените се наоѓаат на повеќето раководни позиции (0,5%).

## 7. НАОД НА МИСЛЕЊЕТО НА ЖРТВИТЕ НА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ВО ОДНОС НА ЗАСТАПЕНОСТА НА СЕКСУАЛНОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОТРЕБНИТЕ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРЕТМАНОТ НА ОВОЈ ВИД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Предмет на наша анализа беше и прашањето за застапеноста на сексуалното вознемирување во работните организации во кои работат (работеле) жртвите односно дали сексуалното вознемирување се толерира како однесување. Податоците наведени подолу се добиени со утврдување на застапеноста на жртвите на одделните видови сексуално вознемирување во вкупниот број на испитанички во однос на поткатегориите наведени подолу. Од добиените податоци може да се заклучи дека повеќето од жртвите ја оцениле својата организација како организација во која случаите на сексуално вознемирување не се чести. Сепак, дел од жртвите изјавиле дека сексуалното вознемирување во нивните организации е секојдневие.

Жртвите на вербално сексуално вознемирување својата организација најчесто ја оценуваат како организација во која случаите на сексуално вознемирување не се чести (49,6 %). Дел од жртвите, пак, својата организација ја оцениле како организација во која случаите на сексуално вознемирување се секојдневие (19,7 %).

Жртвите на невербално сексуално вознемирување својата организација најчесто ја оценуваат како организација во која случаите на сексуално вознемирување не се чести (50,5 %), па како организација во која случаите на сексуално вознемирување се секојдневие (24,7 %).

Жртвите на физичко сексуално вознемирување својата организација најчесто ја карактеризираат како организација во која случаите на сексуално вознемирување не се чести (48,6 %), па како организација во која сексуалното вознемирување е секојдневие (27,1 %).

Жртвите на сексуално вознемирување „услуга за услуга“ имаат поделено мислење односно дел ја карактеризирале како организација во која случаите на сексуално вознемирување не се чести (46,4 %), а во исто толкав број и како организација во која случаите на сексуално вознемирување се секојдневие (46,4 %).

Нѐ интересираше мислењето на жртвите во однос на тоа дали воведувањето на одредени сега непостоечки мерки и спроведување на одредени активности би можеле да придонесат за подобрување на третманот на овој вид вознемирување во нивната работна организација. Од податоците може да се заклучи дека жртвите на сексуално вознемирување сметаат оти третманот на оваа појава ќе се подобри со преземање мерки за информирање на вработените за ставот на организацијата за сексуално вознемирување, по која следи воведувањето на постапка за случаи на сексуално вознемирување во правилници или други прописи и формирање комисија за решавање на случаи на сексуално вознемирување во нивната организација. Воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвата на сексуално вознемирување е мерка што жртвите сметаат дека најмалку може да придонесе за подобрување на третманот на овој вид вознемирување. Подолу наведените податоци се добиени со утврдување на застапеноста на жртвите на одделните видови сексуално вознемирување во вкупниот број на испитанички во однос на секоја од мерките наведени подолу (активности).

Жртвите на вербално сексуално вознемирување сметаат дека за подобрување на третманот на оваа појава најмногу може да придонесе информирање на вработените за ставот на организацијата за сексуално вознемирување (71,7 %), па потоа воведување на постапка за случаи на сексуално вознемирување во правилници

или други прописи (52,8 %). За формирањето на комисија за решавање на случаите на сексуално вознемирување во работната организација позитивно се изјасниле 48 % од жртвите, а нешто помалку за воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвата на сексуално вознемирување (44,1 %).

Жртвите на невербално сексуално вознемирување сметаат дека за подобрување на третманот на оваа појава најмногу може да придонесе информирање на вработените за ставот на организацијата за сексуално вознемирување (71 %), па потоа воведување постапка за случаи на сексуално вознемирување во правилници или други прописи (52 %). Во нешто помал број тие позитивно се изјасниле за формирање комисија за решавање случаи на сексуално вознемирување во работната организација (48,4 %) и воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвата на сексуално вознемирување (46,2 %).

Жртвите на физичкото сексуално вознемирување сметаат дека за подобрување на третманот на оваа појава најмногу може да придонесе информирање на вработените за ставот на организацијата спрема сексуалното вознемирување (62,9 %), по што следат воведување на постапка за случаи на сексуално вознемирување во правилници или други прописи (47,1 %). Помалку позитивно се изјасниле за формирање комисија за решавање на случаи на сексуално вознемирување во работната организација (41,4 %) и воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвата на сексуално вознемирување (32,9 %).

Жртвите на сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ сметаат дека за подобрување на третманот на оваа појава најмногу може да придонесе информирање на вработените за ставот на организацијата за сексуално вознемирување (82,1 %), па потоа воведување постапка за случаи на сексуално вознемирување во правилници или други прописи (71,4 %). Помалку од нив сметаат дека за подобрување на третманот може да придонесе формирањето комисија за решавање на случаите на сексуално вознемирување во организацијата (64,3 %) и воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвата на сексуално вознемирување (53,6 %).

## 8. СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ПРИЈАВЕНО ОД ИСПИТАНИЧКИТЕ ШТО НЕ СЕ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Покрај пријавувањето на сексуалното вознемирување од страна на жртвите во рамките на ова истражување, користевме и дополнителен метод за негово димензионирање. Односно, испитаничките што пријавија дека не претрпеле ваков вид вознемирување ги прашавме дали познаваат друга жена (жени) што доживеале ваков вид вознемирување.

Од добиените податоци може да се заклучи дека секоја трета испитаничка познава жена што претрпела сексуално вознемирување. Односно, 16 % испитанички познаваат по една жртва на ваков вид вознемирување, а во исто толкав број (16 %) познаваат повеќе од една жена што претрпела сексуално вознемирување. Другите испитанички (67,8 %) изјавиле дека не познаваат жени-жртви на сексуално вознемирување.

Испитаничките што познаваат жртва (жртви) на сексуално вознемирување ги прашавме и за вршителот на овој вид вознемирување како и за видовите вознемирување што ги доживеале жртвите што тие ги познаваат.

Иако зборуваме за податоци што не потекнуваат од жртвите и можат да бидат необјективни, сепак сакавме да утврдиме на која работна позиција (место) се наоѓа вршителот и кој е видот на сексуалното вознемирување што овие жртви го претрпеле. Овие податоци ни послужија за споредување со истоимените податоци добиени од изјавите на жртвите во рамките на нашето истражување. Според испитаничките, жртвата (жртвите) што тие ги познаваат го претрпеле насилството од страна на директно претпоставените - раководители (30,7 %), по кои следат колега (колешка) на иста работната позиција со жртвата (26,2 %) и директорот (25,3 %). Кај овие податоци постојат отстапувања за разлика од податоците добиени од страна на жртвите во рамките на ова истражување. Односно, жртвите пријавија дека најчесто овој вид насилство го вршат нивните колеги што се на иста работна позиција како нивната, а потоа директно претпоставените, па директорот.

Во однос на тоа каков вид сексуално вознемирување доживеале жртвите што ги познаваат испитаничките, податоците укажаа на најголема застапеност на вербалното сексуално вознемирување (69,1 %). Далеку помалку се застапени другите видови сексуално вознемирување односно невербалното сексуално вознемирување (14,4 %), физичкото сексуално вознемирување (9,1 %) и сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ (7,2 %). Споредувајќи ги овие со податоците добиени од страна на жртвите, може да се заклучи дека нема отстапување во однос на трендот на застапеност на одделните подвидови на сексуално вознемирување.

Нè интересираше и реакцијата на овие испитанички во однос на тоа што ќе направат (преземат) доколку доживеат некој облик на сексуално вознемирување. Од добиените одговори може да се заклучи дека во најголем дел испитаничките ќе го пријават вознемирување на работодавачот (45,9 %), потоа на трудовата инспекција (40,3 %), а најмал дел ќе иницираат судска постапка (35 %). Помош од женски граѓански организации ќе побараат една петтина од овие испитанички (22,3 %), а во синдикатот вознемирувањето ќе го пријават 15,9 % од испитаничките. Секоја десетта испитаничка изјавила дека ќе го пријави вознемирувањето во полиција (11,7 %). При споредба на овие со податоците добиени од страна на жртвите, се потврдуваат сознанија во однос на тоа дека овој вид вознемирување жртвите најчесто го пријавуваат кај своите работодавачи, но има отстапувања во однос на другите

видови формална реакција. Па така, за потсетување, жртвите по пријавувањето на насилството кај работодвачите него го пријавуваат во полиција, па во трудовата инспекција.

# 9. СТАВОВИ НА ИСПИТАНИЧКИТЕ ВО ОДНОС НА СЕКСУАЛНОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Сакајќи да ги утврдиме состојбите во однос на низа прашања што го дефинираат степенот на свесност и општествена реакција спрема овој вид вознемирување, одлучивме во рамки на ова истражување да ги испитаме ставовите на испитаничките во однос на тоа дали за овој проблем јавно се говори во нашата земја, за неговата рашireност, законското регулирање, информациите што се јавно достапни за овој вид насилство и за третманот на овој вид вознемирување во нашата земја. Дополнително во рамки на истражувањето организиравме фокус-групи за жени вработени во приватниот и јавниот сектор, со цел да добиеме податоци за можните специфики по однос на појавата на сексуалното вознемирување, односно квалитативни податоци што овој вид дискусии методолошки го дозволуваат.

## 9.1. Ставови на испитаничките

Сексуалното вознемирување како облик на насилство врз жените е појава која во нашата земја има третман на табу-тема. Ваквиот статус на оваа појава, можеме да го потврдиме како добри познавачи на прашањето на родова еднаквост во нашата земја. Имено, за оваа појава, како и воопшто за сите други видови насилство што имаат допирна точка со сексуалноста, сексуалниот живот и ги допираат половата слобода и моралот, вообичаено не им се посветува внимание ниту од страна на државата, ниту пак од стручната јавност. Истото важи и за граѓанските организации, кои поради своите ограничени можности и капацитети досега систематски не адресираа повеќе видови насилство врз жените, меѓу кои и овој вид насилство односно сексуалното вознемирување.

Потврда за третманот на овој вид вознемирување како табу-тема го потврдува следниот податок. Имено, повеќе од две третини од испитаничките (77 % или 623 испитанички) сметаат дека за овој вид вознемирување во нашата земја не се говори јавно, односно дека тој е сѐ уште табу-тема. Дел од испитаничките сметаат дека за овој проблем јавно се говори (13,2 % или 107 испитанички).

Според испитаничките што сметаат дека сексуалното вознемирување е табу-тема (623 испитанички), ваквата состојба се должи на повеќе причини и тоа поради: стравот од губење на работното место (70,4 %); срам (60,6 %); стравот на жртвата да не биде обвинета за предизвикување на сексуалното вознемирување (39,4 %); верувањето на испитаничките дека никој не може да стори ништо во однос на овој вид вознемирување (20,3 %) и третманот на вознемирувањето како несериознен проблем и оттаму непреземањето ништо за негово решавање (14,1 %). Од ова јасно може да се утврди дека невработеноста и лошата економска сотојба во земјата исклучително влијаат врз третманот на оваа појава во нашата земја. Односно сѐ додека не постојат стабилни економски, а со тоа и безбедни работни средини во нашата земја, овој вид вознемирување ќе има поволна клима за опстојување. Срамот и стравот на жртвата од обвинување исто така се појави присутни поради непознавањето на природата и карактеристиките на овој вид вознемирување.

Приближно две третини од испитаничките сметаа дека сексуалното вознемирување е појава раширена во нашата земја. Нивните ставови единствено се разликуваат во однос на степеност на рашireност односно 18,1 % сметаат дека овој вид вознемирување е многу раширено, 35,9 % дека тоа е делумно раширено и 24,8 % дека овој вид вознемирување е ретко раширено во нашата земја. Секоја петта испитаничка не можела да ја оцени раширеноста на сексуалното вознемирување во нашата земја (21,2 %).

Од општите ставови на испитаничките, интересен е податкот што се однесува на запознаеноста со законската регулираност на овој вид насилство. Од добиени податоците видлив е високиот степен на запознаеност со законското регулирање на сексуалното вознемирување, односно две третини од испитаничките изјавиле дека се запознати со законското регулирање на оваа појава (60,3 %). Исто така повеќе од една третина (37,9 %) од испитаничките одговориле дека не им е познато дали овој вид вознемирување е законски регулирано. Овој висок степен на запознаеност кој вообичаено треба да резултира со повисока стапка на пријавување на овој вид вознемирување, што не е случај, може да се толкува на неколку начини. Имено, едниот е дека и покрај високиот степен на запознаеност со законското регулирање нема механизми што би овозможиле спроведување на законски загарантираната заштита од овој вид вознемирување и вториот, дека и покрај запознаеноста со законската регулираност овој вид вознемирување сè уште се третита како табу-тема и оттаму стапката на пријавување е ниска.

Од клучно значење во дефинирање на стратегија за справување со овој вид насилство се секако информациите за запознавање со оваа појава. Сакајќи преку испитаничките да го утврдиме степенот на информираност за овој вид вознемирување и индиректно преку тоа анагажманот на организациите-институциите што работат на подигање на јавната свесност, ги прашавме испитаничките од каде слушнале односно добиле информации за оваа појава. Телевизијата, односно електронските медиуми се чини дека се најчестиот извор на информации за оваа појава. Имено, 76,8 % од испитаничките изјавиле дека за овој вид вознемирување најчесто се информирале од телевизија. Пријателите (34,5 %) и колегите (27,3 %) се лицата од кои дел од испитаничките се информирале за оваа појава. Она што вреди да се истакне е податокот дека за сексуалното вознемирување испитаничките се информирале од синдикатот во само 5,3 %. Оттука, неопходно е преземање на мерки за едукација и информирање на работниците од страна на синдикатот, чија основна улога е заштита на правата на работниците.

Напорите на државата на полето на сексуално вознемирување испитаничките ги оценија како незадоволителни. Од третманот на државата на овој вид вознемирување задоволни се 16,7 % од испитаничките, а 43,4% не биле задоволни од третманот (види табела бр. 17).

**Табела бр. 45. Дали државата прави доволно да ги заштити и да им помогне на работничките што трпат ваков вид вознемирување**

| **Мерки на државата** | % |
|---|---|
| Има | 16,7 |
| Нема, објасни | 43,4 |
| Одбиваат да одговорат | 12,5 |
| Не знаат | 27,4 |
| **Вкупно** | **100** |

Високото ниво на незадоволство од преземањето мерки од страна на државата според испитаничките се должи на следните причини: дражавата не го сфаќа serизоно проблемот на сексуалното вознемирување; државата е незаинтересирана; неспроведување на законите; отсуство на соработка со работодавачите и граѓанските организации во однос на овој проблем; неврšење инспекциски надзор; третирање на пријавите на овој вид вознемирување за неверодостојни; непостоење на интерни организациски механимзи за пријавување и решавање на овој вид вознемирување; немање брз и ефикасен систем за откривање и казнување на вознемирувачите и отсуство на санкции за вознемирувачите. Во одговорите на испитаничките, всушност се лоцирани сите аномалии и недостатоци во третманот на овој вид насилство во нашата земја и оттаму тие се клучните проблеми на кои треба да им се посвети внимание во натамошниот третман на оваа појава во нашата земја.

## 9.2. Ставови на учесничките во фокус-групите

Од дискусиите што се водеа во рамките на фокус-групите може да се заклучи дека сексуалното вознемирување е појава застапена во двата сектора односно во јавниот и во приватниот сектор, но за нејзиното постоење не се говори многу. За потребите на ова истражување беа спроведени две фокус-групи на кои учествуваа работнички вработени во јавниот и во приватниот сектор. Оваа состојба според учесничките воглавно се должи на неповолната социјална клима односно убедувањето дека оваа појава е прифатлива и како таква се толерира. Имено, високиот степен на невработеност, но и високата застапеност на традиционалните вредности околу улогата на мажите и жените во нашето општество овозможуваат појава на овој вид вознемирување, но сега во економската сфера.

Од одговорите на учесничките евидентно беше дека за оваа појава односно причините за нејзина појава и постоење постојат погрешни уверувања. Имено, дел од учесничките посочија дека оваа појава постои поради тоа што жените-работнички нудат сексуални услуги со цел да добијат одредена позиција, унапредување, повисока плата или други поволности. Од страна на учесничките во фокус-групите, жртвите на сексуално вознемирување беа опишани како лица што се виновни за состојбата во која се наоѓаат односно дека тие самите ја предизвикале оваа сотојба.

Од различните видови сексуално вознемирување, најпрепознатлив облик на сексуално вознемирување за учесничките е сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ за разлика од дргите видови, кои поради менталитетот и културата се високо

прифатени и толерирани во нашето оштество како начин на однесување. Многу мал број учеснички на фокус-групите знаат да ги препознаат и да ги разграничат различните видови сексуално вознемирување.

На поголем број учеснички не им е познат податокот дека сексуалното вознемирување е законски регулирано во нашата земја и дека тоа преставува облик на полова дискриминација. Под дискриминација врз основа на полова припадност тие вообичаено подразбираат дискриминација врз основа на надворешен физички изглед и дискриминација врз основа на возраст (старост).

За третманот на оваа појава тие беа едногласни дека досега не слушнале за случаи на сексуално вознемирување за кои жртвите преземале одредена формална реакција/иницијатива. Исто така, беше констатирано дека работните организации немаат правила на однесувања по однос на третманот на овој вид вознемирување. Стравот од етикетирање и стравот од можните последици за пријавување на случаите на сексуално вознемирување, според учесничките на фокус-групите се причина за непријавувањето и беизлезната ситуација во која се наоѓаат жртвите на овој вид вознемирување во нашата земја.

Во однос на улогата на синдикатот во однос на справување со овој вид насилство, учесничките изјавија дека досегашната пракса укажува на тоа дека синдикатот не ги поддржува работниците во индивидуалните случаи на заштита на нивните права од работен однос. Исто така, истакнаа дека влијанието на политичките партии, односно партизацијата на вработувањето, односно партиски зависниот развој на професионална кариера и бизнис во нашата земја се фактори кои овозможуваат појава и застапеност на ваков вид вознемирување. Со други зборови, постои страв од страна на синдикалните преставници да презмеаат соодветни мерки поради политичките реперкусии по однос на сопствените работни места и позиции.

# III ДЕЛ

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 1. ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ (МОБИНГ)

Како резултат на добиените сознанија од двете методолошки постапки за анализирање на појавата на психичко вознемирување, произлегоа следниве заклучоци и препораки:

### 1.1. ЗАКОНСКА РЕГУЛИРАНОСТ

Постоечката законска дефиниција и воопшто регулирањето на психичкото вознемирување (мобинг) на работното место во Законот за работни односи е непрецизно и нецелосно. Вака непрецизно регулираната појава на мобинг допринесува за неразбирање на концептот, видовите на негово манифестирање, како и неразбирање за тоа кои институции се надлежни да постапуваат во обезбедувањето на заштита на работникот во случај на мобинг.

**Заклучок:**
**Не постои соодветна законска регулираност на појавата на психичко вознемирување посебно во однос на дејствија на манифестирање, јасно дефиниран мандат на надлежните институции и постапка во обезбедувањето на заштита на жртвите на психичко вознемирување.**

**Препорака 1:**
**Постои потреба од ревидирање на постојната законска регулатива (Законот за работни односи), а воедно и нејзино надополнување преку јасно утврдување и прецизирање на дејствијата на психичко вознемирување (мобинг), прецизно утврдување на надлежностите на институциите кои имаат мандат да постапуваат, како и јасно пропишување на постапката за заштита во случаи на психичко вознемирување.**
**Потребно е појаснување и проширување на опсегот на дефинирањето на терминот “заштита на здравјето и безбедноста на работникот на работното место“ инкорпорирајќи ги дејствијата на психичко вознемирување во соодветни закони, прописи и колективни договори.**

Од вкупниот број на жртви кои презеле реакција(280), само 58 жртви презеле некаква формална реакција. Особено е низок степенот на формално пријавување на психичкото вознемирување во синдикат и во трудова инспекција. Од видовите на формална реакција најповеќе е застапено пријавувањето на психичкото вознемирување кај работодавач. За жал, по пријавувањето кај работодавачот тие не превземаат други формални дејствија. Жртвите навеле повеќе причини поради кои не реагирале, а најзастапена е не преземање на дејствија поради страв од губење на работното место. Сознанијата добиени од фокус групите укажуваат и на висок степен на недоверба и не барање помош од надлежни органи и институции.

**Заклучок:**
**Отсуство на формална реакција од страна на жртвата е карактеристика на постапувањето на жртвите по доживеаното психичко вознемирување.**

**Препорака 2:**
**Доследно и целосно применување на законските прописи кои ја регулираат материјата на работни односи во однос на дискриминацијата и психичкото вознемирување, од страна на работодавачите, трудовата инспекција, синдикатите, народниот правобранител и судовите.**
**Воведување на соодветни прекршочни и казнени одредби за не постапување соодветно на законските прописи кои ја регулираат работната сфера.**
**Проактивен однос на социјалните партнери (Влада, синдикат, здруженија на работодавачи) во преземање на заеднички и координирани акции со цел афирмирање на постапувањето на надлежните институциите во насока на заштитата на економските и социјални права на работниците.**

## 1.2. ПРЕВЕНЦИЈА

Според добиените податоци секоја втора испитаничка изјавила дека претрпела одреден вид на психичко вознемирување на работното место. Со највисока застапеност е видот *Компромитирање на личниот углед и репутација.* И покрај вака високата застапеност, работниците, работодавачите, синдикатот и останатите институции/организации немаат соодветни и доволни информации за тоа што всушност претставува психичкото вознемирување.

**Заклучок:**
**Постои висока застапеност на психичкото вознемирување(мобинг) во нашата земја**

**Препорака 3:**
**Постои потреба од преземање на превентивни активности за сеопфатно информирање на работниците, работодавачите, синдикатите и соодветните надлежни институции/ организации за проблемот на психичко вознемирување, посебно во однос на укажување на неговата сериозност, форми на манифестирање, висока застапеност во работните организации, како и за сериозноста на последиците од психичкото вознемирување првенствено по здравјето и професионалниот ангажман на жртвата , но и последиците кои ги трпат работните организации по однос на својата продуктивност и функционалност.**

## 1.3. ПОДАТОЦИ ЗА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПОЈАВАТА

И покрај високата застапеност на психичкото вознемирување (мобингот) во нашата земја , сепак истото не се третира со потребната сериозност. Досега спроведените анализи и истражувања се недоволни во однос на сеопфатно истражување на појавата, посебно од аспект на неговата застапеност и подложност кај посебно ранливите категории на жени работнички. Од друга страна пак недостатокот од водење на родово разделени статистики оневозможува следење на состојбите на насилството врз жената, вклучувајќи го и насилството врз жената на работното место (психичко вознемирување).

**Заклучок:**
**Не постојат соодветни и во доволен број истражувачки податоци и специјализирани анализи во однос на состојбите со насилството на работното место, вклучувајќи го и психичкото вознемирување.**

**Препорака 4:**
**Постои потреба од спроведување на сеопфатни истражувања за детално испитување на појавата на мобинг, ризичните фактори на влијание врз неговата застапеност, како и анализирање на секторските политики во однос на третманот на појавата. Потребни се посебни анализи за испитување на ранливоста на женската популација и тоа на следните категории на жени : вработени сезонски, со ниски примања, непријавени, или пак работи кои важат за недостојни, односно работи со низок статус.**

## 1.4. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

Добиените податоци од истражувањето укажаа на фактот дека организациите кои немаат развиено прописи и постапки и не превземаат ништо во однос на третирање на оваа појава, но исто така и организациите кои не водат грижа за работниците и организации во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции се организациите во кои најчесто се застапени сите одделни видови на психичко вознемирување во нашата земја.

**Заклучок:**
**Не постојат развиени интерни организациски прописи и постапки за третирање на случаите на мобинг од аспект на индивидуален третман, но и од аспект на превенирање на оваа појава во работните организации (јавен и приватен сектор).**

**Препорака 5:**
**Постои потреба од преземање на едукативни активности наменети за раководните структури/ менаџери во работните организации (јавен и приватен сектор)со цел подигање на свесноста за проблемот, неговата сериозност и последиците со цел понатамошно развивање на соодветни начини и механизми за навремено препознавање и адресирање. Воедно, потребна е и дополнителна едукација во однос на концептот на родови односи, принципот на еднаквост и не дискриминација.**

Воведување на законска обврска за воведување на интерни организациски процедури во работните организации за превенирање на појавата и соодветен третман и заштита на работниците во случаи на дискриминација и насилство на работното место, вклучувајќи го и психичкото вознемирување.

## 2. СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

Сознанијата што ни ги нуди ова истражување во однос на сексуалното вознемирување како вид насилство врз жените, укажуваат на потребата од систематско и континуирано адресирање на овој вид вознемирување од страна на државата, работните организации, синдикатот и граѓанските организации, кои имаат исклучително важна улога во превенирање и сузбивање на оваа појава. Ова особено затоа што овој вид вознемирување има историја на законска регулираност, а со тоа и основа за постапување и официјално реагирање од страна на државните институции.

За дефинирање на заклучоците и препораките на полето на превенција и справување со овој вид насилство ги користевме истражувачките сознанија што укажуваат на потребата од преземање итни мерки и активност во однос на третманот на оваа појава и познавањата што како долгогодишни актери на полето на родова еднаквост ги имаме во нашата земја. Ова последното посебно се однесува на анализата на домашното законодавство и меѓународните стандарди на таа проблематика како и на севкупната политика во однос на тоа прашање.

**Врз основа на севкупната анализа произлегоа следните заклучоци и препораки за унапредување на состојбите во однос на третманот на сексуалното вознемирување во нашата земја односно дефинирање на јасна стратегија за справување со оваа појава и тоа:**

### 2.1. ПОЛИТИКА И ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Нашата земја нема развиено одделна политика за адресирање на полето на насилство врз жените. Овие прашања се предмет на регулирање на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007 - 2012 година. Овој документ ја дефинира стратешката определба на нашта земја на полето на родовата рамноправност, вклучувајќи го полето на „жените и вработувањето“ и „жените и насилството“, кои се тесно поврзани со сексуалното вознемирување. За жал, ниту во една од стратешките цели и активности наведени во овој план и во двете споменати области не упатува на конректни (специфични) мерки што ќе се однесуваат на овој вид вознемирување. Сексуалното вознемирување во рамките на овој план претпоставуваме дека е содржано под терминот „сите видови насилство врз жените“, кој е премногу генерален и не упатува на одделни видови насилство врз жените. Покрај отсуството на визија во однос на третманот на оваа појава, постоечката законска дефиниција на овој вид вознемирување во работното законодавство и во поновата легислатива за антидискриминација, укажува на непотполна усогласеност со Директивата 2206/54/ ЕС. Оваа неусогласеност односно непрецизираност може да предизвика нејаснотии во однос на основата за појавата на овој вид вознемирување како и нејасностија во однос на конститутивните елементи на овој вид вознемирување.

**Заклучок:**
**Отсуствува јасна политика во третманот на прашањето на сексуално вознемирување како и неусогласеност (непрецизна дефиницијата) на овој вид вознемирување.**

**Препорака 1:**
**Потребно е да се подготви јасна национална политика и да се преземат активности за допрецизирање на законската дефиниција на сексуалното вознемирување преку измени на работното законодавство, која ќе резултира со соодветно дефинирање на основата и конститутивните елементи на сексуалното вознемирување во нашата земја. Последното се однесува и на законските одредби на Законот за спречување и заштита од дискриминација, кои се однесуваат на дефинирање на овој вид вознемирување.**

## 2.2. ПРЕВЕНЦИЈА

Истражувачките сознанија и дискусиите од спроведените фокус-групи упатуваат на низа заклучоци во однос на потребата од преземање превентивни активности.

Така, повеќе од две третини од испитаничките (77 %) сметаат дека за сексуалното вознемирување во нашата земја не се говори јавно односно дека тоа е сè уште табу-тема. Овие сознанија ги потврдија и податоците за слабо пријавување на појавата во рамките на нашето истражување односно само 17,1 % од вкупниот број на испитанички во рамките на нашето истражување пријавија дека биле жртви на сексуално вознемирување.

**Заклучок:**
**Сексуалното вознемирување се третира како табу-тема.**

**Препорака 2:**
**Потребно е преземање превентивни активности за соодветно и сеопфатно информирање на работодавачите, работниците, синдикатот и другите институции (организации) за сериозноста и штетноста на појавата на сексуално вознемирување, не само за здравјето и професионалниот ангажман на жртвите туку и за ефективноста, продуктивноста и профитабилноста на работните организации. Овие активности треба да резултираат со јавно говорење за оваа појава, што пак од друга страна ќе резултира со зголемено ниво на пријавување.**

Добиените податоци од истражувањето го потврдија влијанието на одредени професионални карактеристики врз застапеноста на сите видови на сексуално вознемирување. Имено, сексуалното вознемирување е повеќе застапено во организации во кои работат мнозинство мажи, за разлика од оние во кои повеќето од вработените се жени. Одделните видови сексуално вознемирување најмалку се застапени во организации во кои подеднакво се застапени обата пола. Големината на работната организација односно бројот на вработените лица не укажа на унифициран начин на влијание врз застапеноста на одделните видови сексуално вознемирување. Па така, вербалното и невербалното сексуално вознемирување се почесто застапени во организации што имаат до 30 вработени; физичкото најчесто се јавува во организации што имаат до 30 вработени, по кои следат организациите со над 100 и до 100 вработени, а сексуалното вознемирување „услуга за услуга“ најчесто се јавува во организации што имаат до 50 вработени, по која следат организациите со најмногу 30 вработени. Исто така, утврдивме дека организациите што немаат развиено прописи и постапки и не преземаат ништо во однос на третирањето на оваа

појава; организациите што не водат грижа за работниците и не обезбедуваат соодветна заштита и организациите во кои мажите се наоѓаат на повеќето раководни позиции, се организациите во кои најчесто се застапени сите одделни видови на сексуално вознемирување во нашата земја.

**Заклучок:**
**Непостоењето на интерна организациска политика за еднакви можности на жените и мажите во работните организации во нашата земја односно за заштита на правата на работниците во однос на половата дискриминација во голема мера придонесува за појава на сексуалното вознемирување.**

**Препорака 3:**
**Потребно е да се преземат активности за воспоставување на соодветна организациска култура како дел од интерната организациска политика на работните организации од јавниот и од приватниот сектор, преку информирање на вработените за ставот на организацијата за сексуално вознемирување; воведување на постапка за случаи на сексуално вознемирување во правилници или други прописи; потребно е формирање комисија за решавање на случаите на сексуално вознемирување и воведување на советник - лице што ќе се грижи за поддршка, совет и водење грижа за жртвата на сексуално вознемирување.**

## 2.3. ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ

За сериозноста на сексуалното вознемирување во нашата земја како и за потребата од преземање соодветни мерки за заштита на жртвите говорат повеќе податоци добиени од спроведеното истражување.

Сознанијата добиени со ова истражување укажаа на постоење на повеќе фактори за ризик што влијаат на појавата на овој вид вознемирување. Имено, жените на возраст од 15 - 24 години; со средно и основно образование; што живееат сами или се разведени; припаѓаат на другите немнозински заедници; работат во приватен сектор; во стопанската дејност угостителство и имаат работен стаж до една или од 1 - 5 години е поверојатно да бидат изложени на овој вид вознемирување. Исто така, од добиените податоци можеме да заклучиме дека жените-работнички се изложени на повеќекратно сексуално вознемирување односно над 40 % од жртвите пријавиле дека биле изложени од 3 до 10 пати на однесување на сексуално вознемирување. Последиците за физичкото и за менталното здравје можеби најдобро ја прикажуваат штетата што овој вид вознемирување ја има врз неговите жртви. Имено, повеќе од две третини од жртвите на сексуално вознемирување во нашата земја пријавија емоционални и психолошки последици; повеќе од две третини се соочиле со психосоматски нарушувања и приближно половина од жртвите пријавија нарушување на приватниот живот како резултат на сексуалното вознемирување.

И покрај серизноста на оваа појава, реакцијата спрема овој вид вознемирување во нашата земја се манифестира на различен начин. Жртвите на сексуално вознемирување во нашата земја без исклучок сами реагирале и се обиделе да ја разрешат состојбата, односно лично реагирале на овој вид сексуално вознемирување. Приближно три третини побарале помош и поддршка од семејството и пријателите, а само една третина се обратиле за професионална

помош или презмеале оддредени дејства што резултираат со официјална реакција за решавање на овој вид насилство. Пријавувањето на сексуалното вознемирување кај работодавачот е најчесто користена формална реакција, по која следи пријавувањето на сексуалното вознемирување во полиција. Најмалку овој вид вознемирување бил пријавен во синдикатот и во трудовата инспекција.

**Заклучок:**
**Низок степен на формална реакција на жртвите на сексуално вознемирување односно преземање на одредени дејства во решавање на овој вид вознемирување.**

**Препорака 4:**
**Потребно е преземање на активности за информирање и афирмирање на работата на одредени државни институции на ова поле како што се полицијата, трудовата инспекција, синдикатот, народниот правобранител, секторот за еднакви можности на жените и мажите, застапникот за еднакви можности на жените и мажите, судовите и механизмите предвидени со Законот за спречување и заштита од дискриминација и др., кои ќе резултираат со соодветно и навремено постапување на сите институции во однос на обезбедувањето на заштита на жртвите на сексуално вознемирување.**

## 2.4. ПОДАТОЦИ ЗА ЗАСТАПЕНОСТА НА ПОЈАВАТА

Една од клучните причини за отсуство на јасна политика и соодветен третман на оваа појава во нашата земја, покрај видливото отсуство на политичка волја, е и отсуството на податоци за нејзина застапеност, карактеристики и третман. По основ на своите законски мандати повеќе институции во нашата земја водат евиденција што може да посведочи за светлата бројка на овој вид вознемирување. Имајќи предвид недостатоците во однос на водење на родово сегрегирана статистика, од суштествено значење е следењето на појавата на сите видови насилства врз жените, меѓу кои и на сексуалното вознемирување.

**Заклучок:**
**Отсуствуваат податоци за застапеноста на сексуалното вознемирување во одделни стопански дејности и отсуствува пракса на континуирано следење на оваа појава на национално ниво.**

**Препорака 5:**
**Потребно е преземање на активности за детални анализи и истражувања за застапеноста на одделените видови на сексуално вознемирување во различни стопански дејности, притоа земајќи ги предвид и другите фактори за ризик што ги утврдивме со ова истражување, а кои ќе резултираат со конкретни и специфични податоци врз основа на кои ќе се дефинираат и идните мерки и активности на ова поле. Исто така постои потреба од воведување на систем за прибирање на податоци за светлата бројка односно пријавување на овој вид насилство.**

## 2.5. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

Како резултат на отсуството на јасна политика и пракса на собирање податоци и анализа на оваа појава, отсуствуваат и анализи на постапувањето на одделните институции, кои според законските прописи имаат мандат да постапуваат во случаи на сексуално вознемирување. Оттаму, честопати не е јасен мандатот, ниту пак организираноста на системот за заштита во случаи на ваков вид вознемирување. Во случајот на сексуално вознемирување, покрај улогата на државата и на другите државни институции од клучно значење се местото и улогата на работните организации (јавен и приватен сектор), синдикатот и граѓанските организации што можат да придонесат за превенирање и сузбивање на оваа појава. Анализата на нивното постапување и уште побитно на нивното координирање е клучно за сеопфатна и соодветна заштита на жртвите. Исто така, таа е клучна во смисла на дефинирање на идните мерки и активности за градење капацитети и воспоставување механизми и постапки за унапредување на состојбите на ова поле.

**Заклучок:**
**Отсуствува анализа на институционалното постапување (постапување на сите релевантни актери) во однос на сексуалното вознемирување.**

**Препорака 6:**
**Потребно е да се спроведе анализа на начинот на постапување на работните организации во однос на обезбедувањето на работна средина ослободена од дискриминација како и на другите државни институции, судскиот систем, механизмите воведени со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Законот за спречување и заштита од дискриминација и др. не само во однос на нивниот индивидулаен третман на оваа појава туку и во однос на нивното заедничко координирање. Ова особено во контекст на прилично комплицираната и нејасна поставеност на одредени механизми за заштита од различни видови дискриминација (полова и други видови дискриминација) во нашата земја.**

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените на РМ

| esem@esem.org.mk | www.esem.org.mk

ЕСЕ